ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2020 ГОДИНА НА
# АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# СМЕТКА - ОСНОВЕН БУЏЕТ

01 2021 02 04

Скопје, октомври 2021

# С О Д Р Ж И Н А

| Опис | Страна |
|---|---|

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР 1 - 30

Финансиски извештаи
Биланс на приходи и расходи 31
Биланс на состојба 32
Преглед на промени на извори на капиталните средства 33

Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи
- Вовед 34 – 36
- Основни сметководствени политики 36 - 38
- Образложенија кон финансиските извештаи 38 - 45

Прилози

Прилог бр. 1 - Табеларен преглед на објекти кои се во постапка за утврдување на правен статус

Прилог бр. 2 - Табеларен преглед на објекти за кои во имотните листови не е впишано право на сопственост/ користење на објект

Прилог бр.3 – Забелешки кон Нацрт извештај

Прилог бр. 4 – Одговор на забелешки на Нацрт извештај

Кратенки користени во извештајот:

АВРСМ - Агенција за вработување на Република Северна Македонија
МТСП - Министерство за труд и социјална политика
ЗЈН – Закон за јавни набавки
ЗЈВФК – Закон за јавна внатрешна финансиска контрола
ЦС – Централна Служба
ЦВ – Центри за вработување
ОП – Оперативен план
ОУ – Оперативно упатство
АПМ – Активни програми и мерки за вработување
ПН – Паричен надоместок
ЗЕЛС - Заедница на единиците на локалната самоуправа
УНДП – Програма за развој на Обединетите нации

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 16-141/15

Дата: 05.10.2021

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија на сметката основен буџет за 2020 година.

За финансиските извештаи за 2020 година изразивме неповолно мислење во однос на вистинитото и објективното прикажување на финансиската состојба и резултатите од финансиските активности и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Извршена е ревизија на дел од елементите на финансиските извештаи кои се состојат од елементи на биланс на состојба на ден 31 декември 2018 година и елементите од билансот на приходи и расходи, при што овластениот државен ревизор се воздржа од давање мислење за вистинитоста и објективноста на дел од елементите од финансиските извештаи, како и за усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Извршена е ревизија на резултатите од спроведувањето на препораките од Конечниот извештај на Агенцијата за 2018 година за сметката основен буџет, при што е констатирано дека во најголем дел препораките се делумно спроведени или во тек е постапување по истите.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Агенцијата за 2020 година ги констатиравме следните состојби:
- слабости во системот на внатрешни контроли во процесот на набавка, прием, издавање и евидентирање на залихите на материјали, процесот на евиденција на горивото за моторните возила и процесот на исплата на средства за активни програми и мерки за вработување;

- Колективниот договор на ниво на работодавач не е усогласен со важечката регулатива и не е доставен предлог до Владата на РСМ за утврдување на вредноста на бодот за пресметка на платите на вработените (даватели на јавни услуги и помошно технички лица);
- не се склучени менаџерски договори помеѓу директорот/заменик директорот на Агенцијата и Владата на РСМ согласно измените на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност;
- недоволна екипираност на Секторот за внатрешна ревизија и нецелосна реализација на планираните ревизии со Годишниот план за работа на внатрешна ревизија;
- не се постапува согласно Оперативните упатства за реализација на Оперативниот план за 2020 година во делот на извршување на контролите и обезбедување на комплетност на документацијата при реализација на активните програми и мерки за вработување како и спроведувањето на мониторингот на истите;
- неусогласеност на податоците од модулите за материјална евиденција на постојани средства, залихата на материјали, како и податоците за исплати по основ на паричен надоместок и активни мерки во однос на искажаните во сметководствената евиденција;
- не е воспоставен интегриран систем помеѓу електронскиот систем за активни програми и мерки во ЦВ и модулот за финансиско работење на Агенцијата;
- не целосно извршен попис на средствата, побарувањата и обврските согласно законската регулатива;
- не се довршени постапките за утврдување на правниот статус на дел од објектите кои се користат, како и впишување на податоци за сопственоста и правото на користење кај надлежната агенција;
- слабости во начинот на постапување и евидентирање на залихите на материјали и ситниот инвентар и издавање на истите;
- неправилности при евидентирање на остварениот приход по основ на придонес за вработување и остварување на меѓу институционална комуникација;
- преземени се обврски без спроведување на постапки за јавни набавки, склучени се договори кои не се во согласност со утврдените услови во тендерската документација, како и слабости при следење на реализацијата на склучените договори за јавна набавка.

За констатираните состојби ревизијата даде препораки со цел да се надминат утврдените состојби во наредниот период.

Во делот за Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет истакнуваме за:

- бројот на невработени лица корисници на паричен надоместок и ефектот од посредување на Агенцијата за вработување на овие корисници;
- не почитувана законска обврска од Буџетот на РСМ да се уплатуваат парични

средства на сметката на Посебен фонд, по основ на уплатен ДДВ и царини од страна на заштитните друштва со што Агенцијата во целост не ги обезбедува финансиските средства кои законски и следуваат за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидните лица и

- состојбата за бројот на предмети и износот на главниот долг во постапки пред надлежните судови во кои Агенцијата се јавува во својство на тужител или тужена странка, што во идни периоди ќе има влијание врз финансиските извештаи и работењето на Агенцијата.

Во делот на Останати прашања известивме за потребата од измена на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност за што е известено и со претходните ревизии во делот на доуредување на одредбите за подготовката, носителот/надлежна институција и периодот на донесување на оперативниот план како годишен оперативен документ за активните програми и мерки за вработување. Исто така, законската регулатива не го уредува и начинот на распоредување на финансиските средства што резултира Агенцијата да биде вклучена само во реализацијата на мерките и услугите, а планирањето и распоредувањето на финансиските средства го врши МТСП.

Од страна на директорот на АВРСМ, како и од страна на поранешниот директор на АВРСМ, доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани при што забелешките на сметката на основен буџет на точките 4.3.1. алинеја 1 и 4.4.1. булет 1 делумно се прифатени по доставени дополнителни докази и дообјаснувања. Забелешките по точките 4.2.4. алинеја 1 и точка 4.3.3. алинеја 2 се прифаќаат поради дополнително доставени докази и појаснување. За делумно прифатените и прифатените забелешки соодветно е обелоденето во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор, додека останатите забелешки не се прифатени поради тоа што не се доставени дополнителни докази и истите претставуваат информации кои на ревизијата и беа познати во периодот на извршување.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 32 до 34 заедно со ревизија на усогласеност на сметката основен буџет на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември 2020 година, биланс на приходи и расходи за годината која завршува на тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа за 2021 година на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за елементите од финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Агенцијата за 2018 година, при што ревизијата се воздржа од давање мислење за вистинитоста и објективноста на дел од елементите од финансиските извештаи, како и за усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на Агенцијата на овој извештај застапувана од:

- Билјана Јовановска директор на АВРСМ до 02.11.2020 година и
- Абдуш Демири директор на АВРСМ од 03.11.2020 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и

воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се остварени/користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 05.03.2021 до 18.06.2021 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на извршената ревизијата за 2018 година - спроведување на препораките

Извршена е ревизија на преземените мерки по дадените препораки во Конечниот извештај на Агенцијата за 2018 година за сметката на основен буџет број.16-140/9 од 19.12.2019 година, при што утврдено е дека во најголем дел препораките се делумно спроведени или во тек е постапување по истите. Препораките чија реализација била делумно спроведена или е во тек, се опфатени и со ревизијата на регуларност за 2020 година и истите претставуваат дел од ревизорскиот извештај.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 08.07.2021 година.

На ден 06.09.2021 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија за усогласеноста за 2020 година на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија број 16-141/9 од 03.08.2021 година од директорот на Агенцијата Абдуш Демири заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-141/13 од 06.09.2021 година и забелешки број 16-141/9 од 03.08.2021 година од Билјана Јовановска претходен директор на Агенцијата заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-141/134 од 06.09.2021 година.

Забелешките се разгледани од овластениот државен ревизор при што забелешките на сметката на основен буџет на точките 4.3.1. алинеја 1 и 4.4.1. булет 1 делумно се прифатени по доставени дополнителни докази и дообјаснувања. Забелешките по точките 4.2.4. алинеја 1 и точка 4.3.3. алинеја 2 се прифаќаат поради дополнително доставени докази и појаснување. За делумно прифатените и прифатените забелешки соодветно е обелоденето во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор, додека останатите забелешки не се прифатени поради тоа што не се доставени дополнителни докази и истите претставуваат информации кои на ревизијата и беа познати во периодот на извршување.

Констатирани се следните состојби:

## 4.1. Внатрешни контроли

4.1.1. При оценка на системот на внатрешни контроли во процесот на набавка, прием, издавање и евидентирање на залихите на материјали, процесот на евиденција на горивото за моторните возила и процесот на исплата на средства за активни програми и мерки за вработување со цел да се утврди дали истите се дизајнирани и функционираат согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола[1], ревизијата го констатира следното:

- со постојните сметководствени политики на Агенцијата се утврдени одредби кои се однесуваат на залихата во делот на нивно вреднување, но со истите не е регулиран начинот на постапување при набавка, прием, издавање и евидентирање, што создава ризик од реално и објективно прикажување на состојбата на залихите;
- не се воспоставени контроли и дневна евиденција за изминати релации и километража со службените возила, како и евиденција за просечна потрошувачка на горивото при користењето на истите од страна на вработените задолжени со возило во ЦВ, со што ќе се обезбеди следењето на потрошокот на горивото на службените моторни возила. Наведеното не е во согласност со Правилникот за користење на службените моторни возила[2] со кој е предвидено податоците од евиденцијата до 5-ти во месецот за претходниот месец да се достават до Одделението за стручно-техничка поддршка кое по одобрување на истата ја доставува до Секторот за финансиски прашања.

  За надминување на утврдената состојба во текот на ревизијата до раководителите на ЦВ доставено е укажување за целосно почитување на одредбите на Правилникот од страна на лицата задолжени со службени моторни возила;
- процесот на исплата на средства за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот во ЦС е уреден со донесената ИСО процедура, но не е донесена процедура за финансиското работење со утврдени контроли на финансиската документација за исплата на средства за активни програми и мерки за вработување во ЦВ. Имено, исплатата на потребните средства се реализира врз основа на доставено барање (хартиено или електронски) од координаторите од ЦВ до координаторите на мерката од Секторот за активни мерки ЦС, кои изготвуваат збирно барање по мерка и го доставуваат до Секторот за финансиски прашања (СФП), кој од потсметката за активни програми и мерки врши дознаки до ЦВ преку акредитив, а центрите вршат исплата на корисниците. Агенцијата нема донесено политики за сметководствено работење и за спроведувањето

[1] „Службен весник на РМ“ бр. 90/2009, 12/2011, 82/2013,188/2013, 192/2015 и 147/2017.
[2] Правилник за користење на службени моторни возила сопственост на Агенцијата бр.02-825 од 09.03.2018 година и бр.02-49/1 од 11..01.2021 година.

на финансиските контроли и усогласување помеѓу ЦВ и ЦС, како и интегрирање на податоците од системот на активни програми и мерки со модулот за финансиското работење.

Наведеното не е во согласност со член 7 и 16 од ЗЈВФК и создава ризик да се извршат исплати без комплетна и потврдена документација. Во март 2021 година изготвено е нацрт Упатство за поврзување на налозите за исплата на корисниците на активни програми и мерки, кои се евидентирани во сметководствената евиденција, со налозите од трезор (образложено во точка 4.3.1).

Препорака

Директорот и одговорните лица во Агенцијата да преземат активности за:

- донесување на процедури со кои ќе се регулира начинот на постапување при набавка, прием, издавање и евидентирање на залихите на материјали;
- хронолошко и ажурно водење на дневна евиденција за користењето на службените моторни возила и просечната потрошувачка од страна на вработените задолжени со службено моторно возило и истата да ја доставуваат до надлежното одделение во Агенцијата;
- донесување на процедури со утврдени контроли за исплата на средства за активни програми и мерки за вработување во ЦВ и донесување политики за спроведување на контрола и усогласување помеѓу ЦВ и ЦС и
- воспоставување на интегриран систем на поврзаност на финансиското сметководство во ЦС со ЦВ и контролни механизми при исплата на средства за активни програми и мерки за вработување.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Со одредбите од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност[3] е уреден статусот на вработените на Агенцијата. Согласно видот на работните задачи кои тие ги извршуваат можат да бидат распоредени на работни места на административни службеници, даватели на јавни услуги или помошно-технички лица. За вработените кои имаат статус на административни службеници е предвидено категориите, нивоата и звањата да се уредат со Законот за административни службеници[4]. За оние вработени пак кои имаат статус на даватели на јавни услуги се применуваат одредбите од Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност,

[3] Службен весник на РМ број. 37/1997, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008, 161/2008, 50/10, 88/10, 51/11, 11/12, 80/12, 114/12, 39/14, 44/14, 113/14, 56/15, 129/15, 147/15, 154/15, 27/16, 119/16, 21/18 и 113/18 и Службен весник на РСМ број 124/19 и 103/21).

[4] Службен весник на Република Македонија број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 127/2016, 142/2016 ,2/2017, 16/2017, 11/2018 и „Службен весник на РСМ број 275/2019 и 14/2020.

Законот за вработените во јавниот сектор[5] и општите прописи од областа на работните односи.

Согласно Законот за изменување и дополнување на законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност од јуни 2019 година донесена е Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата[6] и измени и дополнувања на Правилникот за систематизација[7] заради нивно усогласување со одредбите на законот.

Со извршениот увид во статутот, актите за организација и систематизација на работните места во Агенцијата и Колективниот договор на ниво на работодавач ревизијата ги утврди следните состојби:

- со измените на актот за систематизација предвиден е вкупниот број на работни места за даватели на јавни услуги и помошно технички лица по категории, нивоа, општите и посебните услови кои истите треба да ги исполнат, но во текот на 2020 година за овие работни места не е извршено распоредување на вработените. Наведената состојба упатува на нецелосна усогласеност на актот за систематизација со измените на законот што има влијание врз остварувањето на правата од работен однос и пресметката на бруто платата.

  Ревизијата не дава препорака поради тоа што е донесен нов Правилник за систематизација на работните места во Агенцијата[8] кој е усогласен со законската регулатива и изготвени се решенијата за распоредување и утврдување на плата на вработените административни службеници со важност од 01.01.2021 година и се склучени договори за вработување на определено време со 45 лица распоредени на работни места даватели на јавни услуги;
- постои неусогласеност меѓу нивоата на работни места за:
  - административни службеници од категоријата В2, Г1 и Г2 во нивните решенија, Колективниот договор и Правилникот за систематизација на работните места кои се во примена во 2020 година и предвидените нивоа со членовите 25, 26 и 27 од Законот за административните службеници. Имено, согласно законот нивоата одговараат на звањата: виш соработник, самостоен референт и виш референт, додека во решенијата на вработените, Колективниот договор и Правилникот за систематизација се заведени со едно звање пониско (соработник, виш референт и референт). Поради горенаведеното пресметката на платите кај 311[9] вработени не е во согласност со законската регулатива во однос на бодовите,

[5] Службен весник на РМ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, Службен весник на РСМ број 143/19 и 14/2020.
[6] бр.02-2371 од 28.06.2019 година.
[7] бр.02-662 од 30.01.2020 година.
[8] бр.02-2987 од 09.10.2020 година
[9] Бројот на вработени е земен заклучно со месец 12..2020 година.

исполнување на условите за работното искуство и точноста на називот на звањата наведени во решенијата на вработените;
- за административните службеници од категоријата В и Г, се предвидени две нивоа од можни четири, односно не се предвидени влезно и наредно ниво што претставува ограничувачки фактор, имајќи во предвид дека секое ниво изискува работно искуство. Поради тоа, оние вработени кои имале стаж помал од две години, добиле звања за кои бил пропишан стаж од најмалку две односно три години, што не е согласно членовите 25 и 26 од Законот за административните службеници.

Оваа состојба е констатирана од страна на ревизијата и за претходниот период, односно за 2017 и 2018 година и истата е надмината со донесувањето на новиот Правилник за систематизација на работните места на Агенцијата во примена од 01.01.2021 година, поради што ревизијата не дава препорака по истата.

- ➢ во текот на 2020 година од страна на одговорните лица на Агенцијата не се преземени активности за измени на Колективниот договор на ниво на работодавач заради усогласување со важечката законска регулатива. Со одлука на директорот на Агенцијата[10] во јуни 2021 година е формирана комисија за отпочнување и водење на колективно преговарање заради склучување на нов колективен договор;
- ➢ не е доставен предлог до Владата на РСМ за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Агенцијата за 2020 година (даватели на јавни услуги и помошно технички лица), што не е во согласно член 87-у од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.

Утврдените состојби не се во согласност со наведената законска регулатива и влијаат на различно уредување на правата од редовен работен однос и пресметката на месечната бруто плата по вработен во Агенцијата.

Препорака

Директорот и одговорните лица во Агенцијата да преземат активности за:
- интензивирање на започнатите активности за донесување на нов Колективен договор на ниво на работодавач и
- доставување на предлог до Владата на РСМ за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Агенцијата кои имаат статус на даватели на јавни услуги и помошно технички лица

4.2.2. Во член 18 од Колективниот договор се предвидени бодови за ниво за директор и заменик на директор на Агенцијата и тоа: 945 за директор и 661 за заменик директор. Бодовите користени при пресметка на платата на директорот не се

[10] Одлука бр.04-1657/1 од 14.06.2021 година за формирање на комисија за склучување на нов колективен договор

пропишани во член 87 од Законот за административни службеници и ревизијата не доби информации како истите се изведени, додека за пресметка на плата на заменик директор применети се бодови за ниво А3 – секретар од трето ниво. Оваа состојба не е во согласност со Законот за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија, согласно кој Владата ги утврдува платите на функционерите и на раководните работници кои ги именува или назначува. Причина за оваа состојба е пропустот направен во Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на плата на функционерите кои ги именува Владата на РМ, во која не се определени коефициенти за директор и заменик директор на Агенцијата.

Наведеното не овозможува законско и точно пресметување на платите и придонесите од плати. на именуваните лица во 2020 година. Ова состојбата е констатирана и во конечниот извештај на овластениот ревизор за 2017 година и 2018 година.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност во јуни 2019 година оваа состојба е надмината. Имено во член 91-а од истиот е предвидено по именувањето на директорот, односно заменик директорот на Агенцијата да се склучува менаџерски договор меѓу именуваниот директор, односно заменик на директор и Владата на Република Северна Македонија, но се уште не се склучени менаџерски договори.

Во текот на ревизијата, од страна на директорот на Агенцијата, доставена е иницијатива до Владата на РСМ[11]со која се бара отпочнување на постапка за склучување на менаџерски договор согласно одредбите на законот.

Препорака

Одговорните лица на Агенцијата во соработка со одговорните лица на Владата на РСМ да ги интензивираат активностите за склучување на менаџерски договор помеѓу именуваните лица и Владата на РСМ.

4.2.3. Со извршениот увид во доставената документација и извршените анализи во насока на осознавање дали внатрешната ревизија е формирана и функционира согласно законските прописи, ревизијата го констатира следното:

- согласно актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, формиран е Сектор за внатрешна ревизија со еден раководител на сектор, двајца раководители на одделенија и двајца соработници – внатрешни ревизори. До мај 2020 година секторот функционира со раководител на сектор, еден раководител на одделение и еден соработник за ревизија на усогласеност. Поради остварување на право на пензија на

[11] Барање за отпочнување на постапка за склучување менаџерски договор бр.03-1182/1 од 13.04.2021 година.

раководителот на секторот во јуни 2020 година секторот останува со двајца вработени. Ваквата состојба не е во согласност со член 31 став 1 алинеја 3 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, според кој, согласно годишниот буџет со кој располага Агенцијата, организационата единица за внатрешна ревизија треба да биде екипирана со најмалку четири ревизори и еден раководител

- со Годишниот план на Секторот за внатрешна ревизија за 2020 година се планирани две редовни ревизии и тоа: ревизија на управување и развој со човечки ресурси и ревизија на јавните набавки, како и вонредни ревизии по барање на раководството. Во текот на 2020 година извршени се две вонредни ревизии, но и покрај нецелосната реализација на годишниот план за ревизија, не е направена измена на годишниот план, што не е во согласност со член 41 став 1 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Имено со законот е овозможено доколку дојде до значителна промена на проценетиот ризик или планираните ресурси при изготвување на годишниот план да се измени годишниот план за ревизија.

Нецелосно воспоставена внатрешна ревизија и реализација на годишниот план не може да обезбеди на раководното лице независно разумно објективно уверување и совет со цел подобрување на работењето и зголемување на ефективноста на системот за внатрешна контрола.

Препорака
Одговорното лице на Агенцијата да преземе активности за соодветно екипирање на Секторот за внатрешна ревизија и целосна реализација на планираните ревизии во годишниот план за работа на внатрешна ревизија.

Активни програми и мерки за вработување

4.2.4. Програмите, мерките и услугите за вработување кои ќе обезбедат создавање на нови работни места, поддршка за креирање на нови работни места и зголемување на вработување на невработените лица се утврдуваат со Оперативниот план (ОП) за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот. Носител на ОП за 2020 е МТСП, а неговата имплементација е во надлежност на АВРСМ и нејзините подрачни служби – Центрите за вработување.

За реализација на вкупно 14 програми и мерки за вработување предвидени со ОП во 2020 година исплатени се вкупно 1.271.101 илјади денари или 39% од вкупните расходи за годината предмет на ревизија и тоа од потставките други плаќања од Агенција за вработување и надоместоци за вработување на хендикепирани лица.

Распределбата на расходите по програми и мерки е прикажана со следниот графикон:




Постапките за имплементација на ОП се опишани и регулирани во Оперативните упатства за активни програми, мерки и услуги за вработување (ОУ), како и во самите договори. Со ОУ е утврдена методологијата, критериумите и активностите кои треба да се спроведат за реализација на АПМ, како и мониторингот по однос на теренски посети и контроли кои согласно ОП треба да се спроведат од страна на АВРСМ во соработка со надлежните институции вклучени во процесот по фази од самиот избор на учесници по мерка, до реализација на склучените договори и исплата по истите.

При извршениот увид во избраниот примерок на предмети за 2020 година од ЦВ за АПМ во делот на обезбедување на комплетност на документацијата и извршување на мониторинг/теренски контроли за следење на реализацијата кои отстапуваат од предвидените активности уредени со ОУ и склучените договори констатирани се следните состојби:

- не обезбедени докази за извршена проверка и одобрување од страна на координаторот ЦВ на доставените про-фактури кои се однесуваат за набавките на материјал/опрема кај мерката - вработување и раст на правни субјекти;
- отсуство на доказ за издадена потврда по завршена обука од страна на работодавачот на практикантот со опис на работни задачи кои лицето ги извршувало, а која треба да е дел од досието на практикантот кај мерката практикантство;
- отсуство на доказ за издадена потврда/сертификат по завршена обука и проверка на знаењето издадена од страна на спроведувачот на обуката која треба да е дел од индивидуалното досие на евидентираното невработено лице кај мерката обука на побарувани занимања;

- при извршениот увид во избран примерок на предмети кај мерките[12] утврдивме отсуство на доказ дека од страна на координаторот на мерката и центрите за вработување се вршени теренски посети на правните субјекти, посети со и/или без претходна најава, според потребите и можностите за проверка на почитувањето на обврските од договорот.

Утврдените состојби се резултат на недостиг од човечки ресурси и возен парк за извршување на утврдените активности од страна на Агенцијата.

Не комплетноста на доказите и слабости во функционирањето на контролните механизми при следење на АПМ, не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, што влијае на ефикасноста на мерките и наменско користење на средствата при вклучувањето на невработените лица во програмите односно мерките за вработување.

Препорака
Одговорното лице на Агенцијата да преземе активности за засилување на контролите при реализација на мерките во делот на обезбедување на комплетност на документацијата и спроведувањето на мониторинг над АПМ.

## 4.3. Финансиски извештаи

4.3.1. Со увид во деловните книги на Агенцијата и извршена анализа на евидентираните податоци во модулите за материјална евиденција, основните средства и залиха на материјали, како и системот за исплата на паричен надоместок и активни мерки ревизијата го утврди следното:

- сегашната вредност на основните средства во материјалната евиденција е искажана во поголем износ за 12.346 илјади денари во однос на вредноста искажана во сметководствената евиденција поради;
  - не е извршен отпис од материјалната евиденција на 1 возило во износ од 340 илјади денари, кое согласно Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост[13] е продадено, а средствата од продажбата се уплатени во Буџетот на РСМ;
  - неточно преземени податоци за исправка на вредност на основните средства од еден ЦВ во износ од 12.006 илјади денари од стариот во новиот софтвер за материјална евиденција.
- постои разлика помеѓу податоците од материјална евиденција за залихата на материјали, резервни делови и ситен инвентар со сметководствената евиденција во вкупен износ од 493 илјади денари, поради невоспоставена материјална евиденција од страна на сите ЦВ;

[12] Субвенционирање на плати и Практикантство.
[13] Службен весник на Република Македонија“ број 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18, и Службен весник на РСМ 101/19 и 275/19.

- податоците во системот за исплата на паричен надоместок не се совпаѓаат со податоците искажани во финансиските извештаи добиени од деловните книги (сметководствената евиденција) во вкупен износ од 770 илјади денари. Разликата произлегува од не унифицирано навремено евидентирање на исплатата на ПН во двете евиденции (датум на исплата на средства во модулот на сметководствената евиденција не е идентичен со датумот на архивирање на податоците во системот за исплата на паричен надоместок), извршени исплати по решенија за поврат на ПН и задршки кои сметководствено се евидентираат на други приходни конта/сметки;
- исто така, по направените усогласувања на податоците од системот за активни програми и мерки со податоците искажани во финансиските извештаи добиени од деловните книги (сметководствената евиденција) ревизијата констатира не совпаѓање на истите во вкупен износ од 773 илјади денари.

Наведените состојби не се во согласност со член 7 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници[14] и не овозможува добивање на точни податоци за состојбата и усогласеноста на евидентираните податоци во деловните книги на Агенцијата со податоците презентирани во финансиските извештаи.

Со цел надминување на состојбата на неусогласеност на податоците од системот за исплата на активните програми и мерки со податоците во сметководствената евиденција, од страна на секторот за информатика во март 2021 година изготвено е нацрт Упатство за поврзување на налози за исплата на корисниците активни мерки политики, кои се евидентирани во сметководствената евиденција со налози за трезор.
Во Упатството даден е краток опис на чекорите за исплата на корисниците, начинот на евидентирање, како и поврзувањето на книговодствените со трезорските налози.

Препорака
Одговорното лице на Агенцијата да ги преземе следните мерки и активности:
- воспоставување на процедури и контролни мерки сите ЦВ да го користат софтверот за материјална евиденција за залиха на материјали, резервни делови и ситен инвентар;
- воспоставување на интегриран систем на поврзаност на електронскиот систем за активни мерки за вработување и контролни механизми при исплата на средства за активни програми и мерки за вработување со модулот финансиското работење во ЦС и ЦВ;
- да се донесе и примени Упатството за поврзување на налози за исплата на корисниците активни мерки политики со цел надминување на неусогласеност на искажаните податоци од базата за исплата на активните програми и мерки со податоците во сметководствената евиденција.

[14] Службен весник на Република Македонија бр. 61/2002; 98/202; 81/2005; 24/2011; 145/2015 и 170/2017 и Службен весник на РСМ број 122/2021.

4.3.2. Од страна на директорот на Агенцијата во декември 2020 година со одлука за вршење на годишен попис на средствата, побарувањата и обврските со состојба на ден 31.12.2020 година формирани се Централна пописна комисија и поединечни комисии за попис (благајна, основни средства, ситен инвентар и материјали, обртни средства, побарувања и обврски), а на раководителите на ЦВ дадени се овластувања да формираат пописни комисии за попис на имотот и средствата во соодветниот центар и да доставуваат записник од извршениот попис. По завршување на пописот во Централната служба и центрите за вработување, издаден е Извештај за извршен годишен попис за 2020 година, кој од страна на Управниот одбор е усвоен со Одлука од 19.02.2021 година.

Со увид во пописниот материјал од извршениот попис во ЦС и пет ЦВ ревизијата ја утврди следната состојба:

- сите средствата не се обележани со инвентарни броеви, поради што истите не се наведени и во пописните листи, што не е во согласност со член 30-а од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници[15], со кој е уредено дека лицата коишто се материјално задолжени за средствата што се попишуваат, најдоцна до денот определен за почнување на пописот ги групираат и означуваат заради нивно полесно, побрзо и правилно попишување;
- во дел од пописните листи на постојаните средства содржани се податоци само за количината, без вредносни показатели, што не е во согласност со член 31 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, со што е оневозможено вредносно усогласување на сметководствената со фактичката состојба и
- не извршен попис на залиха на канцелариски материјали и резервни делови.

Поради горе наведеното, не е извршено целосно усогласување на сметководствена вредност со фактичката состојба на средствата, што не е во согласност со одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има влијание на реалното и објективното искажување на податоците во финансискиот извештај - биланс на состојба на ден 31 декември и на квалитетот на информациите кои ги дава истиот.

Препорака

Одговорното лице на Агенцијата да преземе мерки и активности за спроведување на целосен попис на средства на начин предвиден со законската регулатива.

4.3.3. Во сметководствената евиденција на Агенцијата евидентирани се 49 објекти со набавна вредност од 456.247 илјади денари. Со извршениот увид во деловните книги и документацијата која се однесува на истите ревизијата утврди дека:

[15] Службен весник на Република Македонија број 28/2003, 81/2005, 8/2009, 175/2011 и 101/2013

- за 10 (десет) објекти чија набавна вредност е 78.736 илјади денари со кои располагаат Централната служба и три центри за вработување се води постапка за утврдување на правен статус и за истите до моментот на вршење на ревизијата не е обезбеден имотен лист ( Прилог 1 ) и
- во имотните листи за 6 (шест) објекти чија набавна вредност е 47.216 илјади денари, а кои се однесуваат на 4 центри за вработување обезбеден е имотен лист според кој недвижностите се запишана како сопственост на Република Македонија, но не е запишано правото на користење на истите од Агенцијата ( Прилог 2).

Наведеното не е во согласност со одредбите од член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, што има влијание врз реалноста и објективноста на искажаните податоци за материјалните средства-градежни објекти и изворите на капитални средства во финансискиот извештај биланс на состојба на ден 31 декември.

Ревизијата напоменува дека за 5 објекти за кои постапката за утврдување на правниот статус е започната од 2011 година повеќе пати до Министерството за транспорт и врски се доставувани ургенции и дополнително потребните документи, со цел решавање на правниот статус на објектите. Последно доставени ургенции се во декември 2020 година.

Препорака
Одговорните лица во Агенцијата да продолжат со преземање активности со цел довршување на постапките за утврдување на правниот статус на објектите кои се користат, како и впишување на податоци за сопственоста и правото на користење во оние имотни листи каде што не се впишани.

4.3.4. Во финансискиот извештај – биланс на состојба на ден 31 декември 2020 година искажана е залиха на канцелариски материјали, пелети, нафта за греење и други материјали во вкупен износ од 3.890 илјади денари. Со извршениот увид во деловните книги и доставената документација, ревизијата констатира дека:

- софтверското решение за материјална евиденција на залиха на материјали, резервни делови и ситен инвентар со кое располага Агенцијата, не се применува од страна на сите ЦВ;
- по извршената набавка на материјали, резервни делови и ситен инвентар, истите директно се предаваат на вработените без при тоа да се изработуваат потребните документи (приемница, требување, издатница), кои служат за потврдување на настанатата промена во количина и вредност;
- во центрите за вработување каде има воспоставено евиденција на залиха на пелети и нафтата, истата се темели на податоци кои се периодични или се однесуваат на утврдена количина на крајот на годината, со

извршениот попис, без притоа да се потврди од страна на одговорното лице приемот и потрошокот на пелети, поради што не е можно со сигурност да се потврди состојбата на залихата на пелети на крајот на годината.

Вака воспоставениот начин на евиденција на залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар, не е во согласност со одредбите од член 6 став 2 и член 7 став 2 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, истата не е ажурна, сеопфатна и точна и влијае на реалното и објективно искажување на позициите во финансискиот извештај – биланс на состојба.

Препорака

Одговорните лица на Агенцијата да преземат мерки и активности за:

- користење на софтверското решение за материјална евиденција од страна на сите центри за вработување;
- изготвување на потребните документи (приемница, требување, издатница) при набавка и издавање на материјалите;
- воспоставување на постојана и целосна евиденција за приемот и потрошокот на залихата на пелети и нафта.

4.3.5. Не постои контролен механизам за следење на побарувањата по основ на остварените приходи од не уплатен придонес за вработување. Ваквата состојба која е констатирана од страна на овластениот државен ревизор во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2017 година не е променета во изминатиот период.

Имено, со увид во деловните книги на Агенцијата, ревизијата констатира дека сметководствената евиденција на приходот од придонесите за вработување се води врз основа на банкови изводи од носителот на платен промет за соодветните уплатни сметки. Во изводот е наведен уплатениот придонес за вработување од секој ЦВ поединечно, но истиот не претставуваат доволен доказ за потврдување на точноста и целокупноста на остварениот приход. На крајот на 2020 година од страна на Агенцијата не е направено усогласување на остварениот приход од придонес за вработување со податоците од евиденцијата која ја поседува Управата за јавни приходи. Исто така, од страна на Агенцијата не е извршена дополнителна контрола за утврдување на податоците за придонесот за вработување, што не е согласно член 23 став 2 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување[16].

Нагласуваме дека во декември 2010 година, меѓу Управата за јавни приходи, Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Агенцијата бил склучен договор за евидентирање и следењето на побарувањата по основ на неисплатени придонеси од задолжително социјално осигурување. Согласно одредбите од договорот Управата за јавни приходи, како надлежна институција која во

[16] Службен весник на РМ бр. 142/2008, 64/2009, 156/2009, 166/10, 53/11, 185/11, 44/12,15/13, 91/13,170/13, 97/14, 113/14, 180/14, 188/14, 20/15, 48/15, 129/15, 217/15, 190/16 ,171/17, 35/18 и 247/18

единствена постапка ги контролира, утврдува и наплатува придонесите, има обврска да доставува квартални податоци за ненаплатените придонеси до секоја институција соодветно. Последната доставена информација до Агенцијата во 2020 година, ги прикажува ненаплатените придонеси заклучно со 30 септември и истите изнесуваат 224.809 илјади денари. Во недостиг на целосност на податоците по обврзници на придонесот и контролен механизам за следење на овие побарувања, ревизијата не е во можност да ја потврди точноста и комплетноста на искажаните побарувањата.

Наведените состојби влијаат врз целосноста, вистинитоста и веродостојноста на информациите во финансиските извештаи - биланс на приходи и расходи и биланс на состојба.

Препорака

Органите на управување и раководење да преземат активности за размена на податоци за обврзниците за плаќање на придонесите, обврзниците за пресметка и уплата на придонесите, основиците на придонесите, износите на пресметани, наплатени и ненаплатени придонеси, како и други службени податоци поврзани со придонесите и персоналниот данок на доход пропишани согласно Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување.

## 4.4. Користење на средствата согласно законски прописи

4.4.1. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2019 и 2020 година, а по кои се преземени обврски во 2020 година, извршивме анализа на расположливите податоци и ревизија на 10 постапки за јавни набавки. Со тоа, опфативме 69% од спроведените јавни набавки или 57 % од преземените обврски во износ од 71.971 илјади денари кои подлежат на ЗЈН.

Со увид во приложената документација за спроведените постапки и нивната реализација ги утврдивме следниве состојби:

- Согласно членот 40 став 6 од ЗЈН[17], договорните органи во текот на годината можат да вршат набавки на стоки, услуги и работи без спроведување на постапка, при што вкупната вредноста на овие набавки во тековната година не смее да надмине 12 илјади евра во денарска противвредност без ДДВ. Од доставните податоци ревизијата констатира дека во текот на 2020 година, Агенцијата без спроведена постапка за јавна набавка има преземено обврски за набавка на стоки и услуги во вкупен износ од 2.104 илјади денари што претставува надминување на законски утврдениот вредносен праг. Преземените обврски се однесуваат на набавки за:
  - одржување на згради и друга опрема во износ од 711 илјади денари;

[17] Службен весник на Република Македонија“ број 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 111/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16, 165/17,83/18 и 24/19

- канцелариски материјали и ситен инвентар во износ од 441 илјади денари;
- други услуги во износ од 339 илјади денари од кои најголем дел се за регистрација и осигурување на возила,
- средства за хигиена и дезинфекција во износ од 313 илјади денари;
- набавка на опрема во износ од 181 илјади денари и
- 119 илјади денари за останати набавки за потребите на центрите за вработување.

Од страна на одговорните лица во Агенцијата е образложено дека причина за оваа состојба е територијалната распространетост на Централната служба и 30 центри за вработување, кои поради практични причини вршеле набавки за своите потреби од различни добавувачи, како и поради воспоставениот начин на плаќање преку одобрени средства од главната сметка на Агенцијата на сметките на центрите за вработување.

Агенцијата има спроведено постапка за набавка на електрична енергија во април 2020 година, по добиеното известување од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на РСМ, според кое Агенцијата има обврска да излезе на слободниот пазар и истата да ја спроведе заклучно со 31.03.2020 година. Но, имајќи го во предвид член 69 од Законот за енергетика со либерализација на пазарот за електрична енергија Агенцијата и претходно ги исполнила условите самостојно да учество на пазарот и да спроведе постапка за јавна набавка согласно член 23 од ЗЈН со цел постигнување на пониска цена.

Агенцијата има преземени обврски за набавка на поштенски услуги кои се однесуваат на поштенски услуги кои не подлежат на ЗЈН како писмо носни услуги до 50 грама согласно член 92 од Законот за поштенски услуги, за кои давателот на универзалната услуга има ексклузивно право да ги обезбедува, а рокот на ексклузивитет е продолжен до 31.12.2021 година. Но, исто така има преземени обврски за писмо носни услуги во внатрешниот сообраќај над 50 грама за кои треба да се спроведе постапка за јавна набавка. Поради обемноста на документацијата не може да се разграничат преземените обврски по двата основа.

- Со увид во документацијата за набавка на работи за модернизација, санација и адаптација на еден ЦВ и реализација на склучениот договор ревизијата констатира:
  - по спроведената постапка за ЈН во октомври 2020 година директорот на Агенцијата склучил договор[18] со избраниот економски оператор во вредност од 9.707 илјади денари. Согласно член 5 од склучениот договор носителот на набавката бил должен работите да ги изврши во рок од најмногу 60 дена од денот од воведување во работа, а договорниот орган имал обврска во рок од 5 дена од склучување на договорот за јавна набавка да го воведе на работа носителот на јавната набавка. И покрај тоа што во тендерската документација во делот на начин и динамика на

[18]Договор број 05-3027/2 од 16.10.2020 година

извршување на договорот се утврдени само претходно наведените обврски, во склучениот договор дополнително се предвидува изведувањето на работите да започнат по добивање на согласност од општината;

- за наведената постапка на денот на склучување на договорот до општината е доставено писмо барање на согласност за изведување на работи во ЦВ без прилог документи. Барање[19] со прилог документи: основен проект, ревизија на проект, доказ за право на сопственост и други потребни документи е доставено во Ноември 2020 година. Општината на 07.12.2020 година издала одобрение за реконструкција и изведувачот е воведен во работа на 09.12.2020 година.

Поради наведеното во текот на вршење на ревизијата обезбедени се документи за реализација на наведената постапка во 2021 година и тоа:

- анекс на договорот [20] склучен во февруари 2021 година со кој вредноста на договорот е зголемена за 6% односно вредноста на договорот изнесува 10.294 илјади денари, по претходно барање од раководителот на ЦВ за замена на компјутерската инсталација и извршен увид на фактичката состојба од страна на Комисија формирана од директорот на Агенцијата. Исто така, со анекс договорот не е предвидено менување на рокот од 60 дена за изведување на работите;
- известување од страна на изведувачот доставено електронски на 21.04.021 година до Агенцијата со кое како причини за пролонгирање на рокот за изведување на работите ги наведува временските неприлики и зимскиот период на отпочнување на работите, како и изведување на работите во вселен објект и потребата за усогласување на термините за работа со цел да не се наруши нормалното функционирање на ЦВ;
- исто така во текот на ревизијата доставена е завршна ситуација и завршен извештај[21] за извршен стручен надзор од надзорен инженер на објектот кој наведува дека објектот е изработен согласно основниот проект и премер пресметката и истиот се предава на трајно користење.

Со дополнувањето на склучениот договор со услови кои не биле предвидени со тендерската документација се нарушува начелото на транспарентност пропишано со член 6 од ЗЈН со кој е утврдено дека објавување на планот, огласите, известувањата, тендерската документација и договорите за ЈН, како и нивните измени и дополнувања се услов за обезбедување на транспарентност во постапките за ЈН. На овој начин се нарушени и начелата за конкуренција помеѓу економските оператори и еднаков третман и недискриминација на економските оператори пропишани со член 5 и 7 од ЗЈН, што влијае на навремената реализација на склучените договори и рационалното и ефикасно искористување на средствата.

[19] Барање број 21-уп1-3696 од 17.11.2020 година
[20] Анекс договор број 05-3027/2 од 03.02.2021 година
[21] Завршен извештај 05-372/5 од 16.05.2021 година

Препорака

Одговорното лице на Агенцијата да преземе мерки и активности во насока на:

- спроведување на постапките за јавни набавки од страна на централната служба за потребите на сите центри за вработување;
- склучување на договори согласно утврдените услови во тендерската документација, како и следење на реализацијата на договорите.

Основ за изразување на мислење

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките од 4.2. до 4.4., кои се основ за изразување мислење, се:

- не е донесен нов Колективниот договор на ниво на работодавач и не е доставен предлог до Владата за утврдување на вредноста на бодот за пресметка на платите на вработените;
- не се склучени менаџерски договори помеѓу директорот/заменик директорот на Агенцијата и Владата на РСМ;
- не соодветно екипирање на Секторот за внатрешна ревизија и не целосна реализација на планираните ревизии во годишниот план за работа на внатрешна ревизија;
- при реализација на активните програми и мерки за вработување не се постапува согласно Оперативните упатства за реализација на Оперативниот план за 2020 година во делот на засилување на контролите при реализација на мерките како и обезбедување на комплетност на документацијата и спроведувањето на мониторингот;
- неусогласеност на базите за материјална евиденција на основните средства и залиха на материјали кои во сметководствената евиденција се искажани во износ 12.839 илјади денари, како и базите за исплати по основ на паричен надоместок и активни мерки во однос на вредноста искажана во сметководствената евиденција во износ од 1.543 илјади денари;
- утврдивме слабости при вршењето на пописот на средствата, побарувањата и обврските;
- не довршени постапки за утврдување на правниот статус на сите објекти кои се користат, како и не впишани податоци за сопственоста и правото на користење во дел од имотните листи во износ од 146.159 илјади денари;
- постојат слабости во начинот на постапување и евидентирање на залихите на материјали и ситен инвентар при нивната набавка и издавање;
- начинот на кој се евидентира побарувањата по основ на придонес за вработување од УЈП во износ од 224.809 илјада денари и остварената меѓу институционална комуникација и
- преземени се обврски без спроведување на постапки за јавни набавки, склучување на договори кои не се во согласност со утврдените услови во тендерската документација во износ од 12.398 илјади денари слабости во следење на реализацијата на договорите.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.3., финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија на ден 31 декември 2020 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2., 4.3. и 4.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Правата од осигурување во случај на невработеност се остваруваат во Агенцијата, односно во соодветниот центар за вработување каде што лицето е евидентирано како невработено лице. Постапката и условите за остварување на правата од осигурување во случај на невработеност се уредени со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност. Од вкупно исплатените социјални бенефиции за правото на паричен надоместок исплатени се средства во вкупен износ од 1.732.997 илјади денари, за обезбедување на паричен надоместок со придонесите за пензиско инвалидско осигурување и здравствено осигурување, што претставува 53% од вкупните расходи на Агенцијата.

Право на паричен надоместок има невработеното лице кое било во работен однос најмалку девет месеци непрекинато или 12 месеци со прекин во последните 18 месеци. Невработените лица кои се корисници на паричен надоместок, согласно Законот, спаѓаат во регистарот на невработени лица, односно активни баратели на работа и ги имаат законски утврдените права кои им следуваат како право по основ на невработеност.

При извршена споредбена анализа за евидентирани невработени лица корисници на паричен надомест за годините 2019 и 2020 година констатирано е дека со состојба на 31.12.2020 година, евидентирани се 6.910 невработени лица корисници на паричен надоместок, и тоа според основ на користење:

| Право на паричен надоместок по основ | 31.12.2019 година | 31.12.2020 година |
|---|---|---|
| Корисници на паричен надоместок по основ на стечај | 354 | 352 |
| Корисници на паричен надоместок по основ на технолошки вишок | 1.379 | 1.830 |
| Корисници на паричен надоместок по основ на сезонски работници (сезонци и вработени на неопределено време) | 2.955 | 4.728 |
| Корисници на паричен надоместок по основ на технолошки вишок 12 загубари | 1 | - |
| **Вкупно** | **4.689** | **6.910** |

Бројот на невработени лица корисници на паричен надоместок во 2020 година е зголемен за околу 47% во однос на 2019 година, што поради економската состојбата предизвикана од пандемијата Ковид 19, но и поради отпуштање на лица кои биле вработени на неопределено време, неангажирање на сезонски работници, како и отпуштени лица прогласени за технолошки вишок.

Согласно законите за материјално обезбедување на невработени лица поради приватизација на претпријатијата со доминантна сопственост на државата[22] во период од 2000-2020 година евидентирани се 7.699 невработени лица корисници на право на материјално обезбедување во вид на паричен надоместок.

Во текот на 2020 година согласно Уредбите[23] со законска сила за примена на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, со

[22] Законот за материјално обезбедување на невработени лица поради приватизација на претпријатијата со доминантна сопственост на државата во период од 2000-2004 година (Сл. весник на РСМ бр.87/08 и 33/2014), Закон за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата (Сл. весник на РМ бр,132/2017, 51/2018), Закон за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата (Сл. весник на РМ бр,198/2018, 241/2018) и Закон за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата (Сл. весник на РСМ бр,10/2020).
[23] Сл. весник на РСМ бр.89/20 и 136/20.

примена за време на траење на вонредната состојба, поврзана со пандемијата предизвикана од Ковид 19, остварено е право на паричен надоместок од страна на 3.123 невработени лица.

АВРСМ презема чекори преку директна соработка со работодавачите да овозможи посредување при вработување на невработените лица. Целта на услугата е да се олесни поврзувањето на понудата и побарувачката на работна сила, односно да им помогне на работодавачите да ги пополнат слободните работни места со квалификувани работници, а на невработените и другите лица кои бараат работа да им помогне при вработувањето.

Графикон на корисници  на паричен надоместок кои учествувале во посредувањето и остварено нивно вработување.




Податоците укажуваат на фактот дека и покрај заложбата на Агенцијата и нејзиното учество при посредувањето мал е бројот на лицата кои се вработиле во периодот од 2016-2020 година.

Во 2020 година и покрај тоа што е намален бројот на корисници на ПН ученици во посредување, зголемен е бројот на вработувања на овие корисници. Причина за намалениот број на корисници на ПН ученици во посредување е намалениот број  на доставени барања од работодавачите за обезбедување на работници преку посредувањето на Агенцијата, поради настанатите услови предизвикани од пандемијата со Ковид 19 вирусот, односно поради тоа што најголем дел од работодавачите се насочени кон зачувување на работните места, а помалку кон нови вработувања.

Зголемувањето на бројот на вработени корисници на ПН со посредување на Агенцијата во 2020 година во однос на 2019 година, во најголем дел, се должи

на вработените корисници на ПН во дејноста образование. Во 2020 година од 119 вработени корисници на ПН, 107 лица се вработени во дејноста образование, што претставува 90% од вработените корисници на ПН преку посредување. Имено, се работи за лица кои биле вработени на определено време во образовните установи, по што го искористиле правото на паричен надоместок и повторно најголем дел од истите се вработуваат во истите образовни установи преку посредување на Агенцијата.

Во претходниот период, малиот број на вработувања преку посредување на Агенцијата се должи на тоа што дел од лицата кои се пријавени како невработени не доаѓале на интервју за работа во Агенцијата бидејќи истото не било задолжително, односно не било пропишано како обврска со закон. Исто така, оние кои се јавувале на интервју кај работодавачот, не ги прифаќале условите: позицијата, платата и други услови. Со измената и дополнувањето на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност од јуни 2019 година, во член 59-в утврдено е доколку лицето два пати во текот на 2 (две) години одбие соодветно или погодно вработување или одбие да присуствува или не се јави на интервју за работа на кое е упатено од страна на Агенцијата, да биде избришано од евиденција на невработени лица.

Истакнуваме дека во периодот од јуни 2019 година до денот на ревизија во евиденцијата на Агенцијата нема невработени лица - корисници на паричен надоместок кои двапати одбиле соодветно или погодно вработување, одбиле да присуствуваат или не се јавиле на интервју за работа на кое биле упатени од страна на Агенцијата.

6.2. Со член 15 и 17 од Законот за вработување на инвалидни лица се пропишани изворите на средствата од кои се финансира Посебниот фонд, нивната висина и временскиот период во кои истите треба да бидат обезбедени.

Имено, со направениот увид во деловните книги на Агенцијата, ревизијата констатира дека во 2020 година секој месец на сметката - Посебен фонд се издвојувани по 10% од вкупно остварените средства од постојниот придонес за вработување или вкупно 281.151 илјади денари, согласно член 15 од наведениот закон. Но, не е почитувана обврската најдоцна до 15 во месецот за претходниот месец на сметката на Посебен фонд да се дозначуваат средства од Буџетот на РСМ, по основ на уплатени ДДВ и царини кои се уплатени од страна на заштитните друштва. Ваквиот начин на постапување не овозможува Агенцијата во целост да ги обезбеди финансиските средства кои законски и следуваат за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидните лица.

Оваа состојба е констатирана со спроведената ревизија на усогласеност за 2016 година, при што во декември 2017 година од страна на одговорните лица во Агенцијата испратен е допис од надлежното министерство за почитување на законската обврска, за што не е добиен повратен одговор.

Во периодот на известување на ревизијата од страна на директорот на

Агенцијата до Секторот за даночна и царинска политика при Министерството за финансии доставено е барање за постапување[24] согласно одредбите од Законот за вработување на инвалидни лица.

6.3. За доделување на неповратни средства од сметката на Посебниот фонд согласно мерката Поддршка за вработување на лица со попреченост, подносителот на барањето треба да достави документ „Наод и мислење за определување на работите кои може да ги извршува инвалидното лице на соодветното работно место“ донесен од Комисија за определување на работи кои може да го извршува инвалидното лице формирана при МТСП. Со извршениот увид во предметите ревизијата утврди дека во обезбедените мислења од Комисијата стои забелешка „направен е увид во приложената документација, работното место е видено и е соодветно на посочената инвалидност, наведена во приложениот наод“, што укажува на тоа дека не е остварена непосредна средба со инвалидното лице. Ваквиот начин на постапување не е во согласност со член 8 и 9 од Правилникот за состав на Комисијата и начинот на донесување на Наод и мислење за определување на работи кои може да ги извршува инвалидното лице на соодветно работно место[25], што може да предизвика погрешни согледувања за здравствената состојба на инвалидното лице.

Оваа состојба е констатирана и во записникот[26] од извршен надзор над примената на одредбите на Законот за вработување на инвалидни лица од страна на Комисијата за вршење на надзор при МТСП, во кој е наведено дека од страна на Комисија за определување на работи кои може да го извршува инвалидното лице е извршен увид без присуство на инвалидните лица на работните места.

Наведеното е констатирано и во претходно спроведените ревизии за што овластениот државен ревизор има издадено извештај, но и покрај тоа од страна на надлежното министерство не се преземени активности за усогласување на работата на Комисија за определување на работи кои може да го извршува инвалидното лице при МТСП со одредбите од Правилникот за состав на Комисијата и начинот на донесување на Наод и мислење за определување на работи кои може да ги извршува инвалидното лице на соодветно работно место.

6.4. Во текот на 2020 година евидентирани се приходи во износ од 1.509 илјади денари по основ на платени закупнини за објекти кои АВРСМ ги издава под закуп на правни лица. Постапката за издавање на деловен простор под закуп е регулирана со Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и

[24] Барање за постапување бр.05-1851/1 од 09.07.2021 година
[25] Сл. весник на РМ бр.15/2006, 124/2007
[26] бр.02-8364/3 од 06.04.2021 година

деловните простории на Република Македонија[27].

Со увидот во приложената документација утврдивме дека во 2000 и 2011 година биле склучени 3 (три) договори за закуп со времетраење од 5 и 10 години, а еден договор е склучен на неопределено време.

По истекувањето на договорениот период, еден закупец продолжил да го користи просторот, за што во годината предмет на ревизија редовно и уредно плаќале закупнини на сметката на Агенцијата. Оваа состојба се јавува поради тоа што во моментот на истекувањето на договорите, Агенцијата не располагала со имотен лист за деловниот простор кој бил даван под закуп, а по обезбедување на истиот во декември 2019 година се објавува Објава за издавање под закуп на деловен простор по пат на електронско наддавање согласно одредбите од законот. Поради проблеми со проценка на вредноста на објектот во електронскиот систем, објектот е изземен од издавање по закуп и објавата била неуспешна. Во тек е постапка за проценка, односно прецизирање на ре-проценка, по што ќе се објави нова постапка за издавање под закуп.

Имајќи го предвид горенаведеното, препорачуваме по истекот на роковите за издавање на деловните простории под закуп, истите да се издаваат преку спроведување постапка за јавно наддавање предвидена во наведениот закон.

6.5. Агенцијата, во постапка пред надлежните судови се јавува во својство на тужител или тужена странка во вкупно 378 судски предмети. По добиени судски пресуди се отпочнуваат извршни постапки, а во одредени случаи се пристапува и кон активирање на банкарски гаранции. Според податоците доставени од Секторот за правни и административни работи и Секторот за финансиски прашања, ревизијата ја обелоденува следнава состојба:

- во својство на тужител Агенцијата се јавува во 297 предмети по кои главниот долг изнесува 135.918 илјади денари, по различни основи, кои во најголем дел се по основ на постапки против корисници на средства од програмата за активни политики и мерки кои не ги исполниле обврските согласно потпишаните договори;
- во својство на тужена странка Агенцијата се јавува во 81 предмети по кои главниот долг изнесува 10.621 илјади денари, по различни основи, кои во најголем дел се од областа на работни спорови.

Во 2020 година преземени се дејствија по 162 судски предмети во кои Агенцијата се јавува во својство на тужител, од кои за 58 донесени се судски пресуди и за истите евидентирани се побарувања во вкупен износ од 22.183 илјади денари по основ на главен долг, камата и други трошоци од судската постапка.

Исходот од решавањето на судските постапки во кои Агенцијата се јавува во својство на тужител или тужена странка може да има влијание врз билансните

[27] Службен весник на РМ број 13/13, 69/13, 27/14, 180/14, 51/15, 129/15, 6/16, 21/18 и Службен весник на РСМ број 98/19

позиции во идни периоди.

## 7. Останати прашања

7.1. Со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност се уредуваат прашањата за размена на трудот, правата и обврските на работодавачите, невработените лица, други лица кои бараат работа и други прашања од значење за вработувањето.

Како учесници во правните односи и во спроведувањето на работите од размената на трудот се јавуваат: органите на државната управа, АВРСМ со ЦВ, МТСП, ЗЕЛС и градот Скопје, работодавачите, приватните агенции за вработување, правните и физичките лица кои извршуваат активности на образование и други.

Во член 3 алинеја 5 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност е пропишано „донесување и имплементирање на оперативни планови за активни програми и мерки за вработување” но со истиот не се уредени во целост подготовката, носителот, надлежна институција за имплементација и периодот на донесување на оперативниот план како годишен оперативен документ за активните програми и мерки за вработување. Исто така со наведениот закон не е предвидено донесување на подзаконски акт со кој поблиску ќе се уредат прашањата кои се однесуваат на планирањето, изработката, финансирањето и одобрувањето на програмите, мерките и услугите за вработување, надзорот и постапката на имплементација. Овие активности се дефинираат со Оперативни упатства кои се носат на годишно ниво од страна на АВРСМ врз основа на ОП.

Овој закон потекнува од 1997 година и истиот претрпел низа измени и дополнувања, во делот на надлежностите на АВРСМ, но без да бидат инкорпорирани надлежности кои и се делегираат на агенцијата со новите закони.

Во текот на 2019/2020 година, донесени се неколку нови закони и измени на закони и тоа Закон за практикантство, Закон за младински додаток, Законот за социјалната заштита и други. Со донесување на овие закони на АВРСМ и се делегираат дополнителни активности со кои постојниот човечки капацитет се оптоварува со нови административни постапки, а се јавува и недостиг од финансиски средства за надградба на IT системот на АВРСМ.

Имајќи предвид дека јасно дефинираните одговорности, утврдувањето на надлежностите и координација помеѓу институциите создаваат предуслови за транспарентност на работата на институциите, уредувањето на горе наведените слабости се од значаен интерес, особено за работата на АВРСМ, која како јавна

институција има значајна улога во спроведување на активностите насочени кон зголемување на бројот на вработените лица.

За потребата од измена на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност во делот на доуредување на одредбите со кои попрецизно ќе се регулира донесувањето на оперативниот план за активните програми и мерки за вработување и начинот на распоредување на финансиските средства е известено и со претходните ревизии, при што дадени се препораки МТСП да преземе активности за:

- изработка на нов консолидиран Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, со можност од инкорпорирање на ново делегираните надлежности на АВРСМ;
- законско уредување на носителот, надлежната институција и периодот на донесување на оперативни планови за АМП за вработување и услуги на пазарот на трудот;
- донесување на интерен акт со кој поблиску ќе се уредат прашањата кои се однесуваат на планирањето со јасно утврдени критериуми, изработката, финансирањето на програмите, мерките за вработување, како и надзорот врз ОП.

Во текот на 2020 година од страна на МТСП започнати се активности за подготовка на предлог текст на нов Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, за што се планира да се формира работна група со претставници од МТСП, Агенцијата и надворешни експерти. Процесот се спроведува преку проектот “Креирање можности за работа за сите” финансиски подржан од Швајцарската агенција за соработка и развој (SDC), а имплементиран од УНДП.
Од страна на Агенцијата, за потребите на ангажираниот експерт се доставени предлози/забелешки за промена и доуредување на повеќе области кои се регулираат со овој закон.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2020 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 2.839.620 | 2.621.581 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 20.690 | 15.263 |
| Трансфери и донации | 3.3. | 974.111 | 1.229.255 |
| **Вкупно приходи** | | **3.834.421** | **3.866.101** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.4.1. | 210.845 | 200.663 |
| Стоки и услуги | 3.4.2. | 53.050 | 59.479 |
| Субвенции и трансфери | 3.4.3. | 641 | 666 |
| Социјални бенефиции | 3.4.4. | 3.004.098 | 2.795.494 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **3.268.634** | **3.056.302** |
| **Капитални расходи** | 3.5. | **14.591** | **5.025** |
| **Вкупно расходи** | | **3.283.225** | **3.061.327** |
| **Дел од вишокот на приходи за пренос во наредна година** | | **551.196** | **804.774** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2020 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| Тековни средства | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 551.196 | 804.774 |
| Побарувања | 4.1.2. | 248.821 | 230.030 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | 4.1.3. | 2.277 | 1.900 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 170.983 | 151.385 |
| Залихи | 4.1.5. | 3.890 | 7.143 |
| **Вкупно тековни средства** | | **977.167** | **1.195.232** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | | |
| Капитални (материјални) средства | 4.2.1. | 293.202 | 227.490 |
| Природни богатства | 4.2.2. | 7.933 | 7.933 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.3. | 7.407 | 239 |
| Долгорочни пласмани | 4.2.4. | 152 | 152 |
| **Вкупно капитални средства** | | **308.694** | **235.814** |
| **Вкупна актива** | | **1.285.861** | **1.431.046** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 3.960 | 5.216 |
| Краткорочни обврски по резерви | 4.3.2. | 149.318 | 128.522 |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.3.3. | 98 | 96 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4. | 17.608 | 17.551 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | 4.3.5. | 298 | 297 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.6. | 801.995 | 1.036.405 |
| Обврски по краткорочни кредити и заеми | 4.3.7. | 49 | 49 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **973.326** | **1.188.136** |
| **Извори на капитални средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4. | 312.536 | 242.910 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | | **312.536** | **242.910** |
| **Обврски по краткорочни кредити и заеми** | 4.5. | 49 | 49 |
| **Извори на средства на резервата, солидарноста и за други намени** | | **0** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **1.285.862** | **1.431.046** |

НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2020 ГОДИНА

во 000 ден.

| О П И С | Државен јавен капитал (извори на капиталните средства со кои располагаат и управуваат фондовите) | Останат капитал (залихите на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Состојба 01.01.2020 година | 235.662 | 7.297 | 242.959 |
| Зголемување по основ на: | 85.090 | 3.732 | 88.822 |
| Набавки и инвестиции во тек | 14.782 | 3.732 | 18.514 |
| Донација на реконструкција на објекти од ИПА | 61.506 | - | 61.506 |
| Ефект од ревалоризација на набавна вредност и ревалоризација на амортизација | 8.802 | - | 8.802 |
| Намалување по основ на: | 12.211 | 6.985 | 19.196 |
| Дадени ситен инвентар во употреба и потрошени материјали | - | 6.985 | 6.985 |
| Амортизација | 12.211 | - | 12.211 |
| Состојба 31.12.2020 година | 308.541 | 4.043 | 312.585 |

ДО

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

За ПГДР Г-ѓа Добринка Весковска

Врска ваш број 16-141/10

0д 03.08.2021

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: Pranuar më: 06.08.2021
Орг. Един. Nj. org. | Број: Nr: 16-141/14 | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera:

**Приговор/забелешки**

**на нацрт изветајот**

**Почитувани,**

Доставувам забелешки на Нацрт извештајот во **точка 4.4 - 4.4.1 на страна 20,**

како и на мислење во т**очка 5 став 2 страна 23 и тоа:**

Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија ја предвиде во планот за јавни набаваки и спроведе постапка за јавна набавка **во 2020 година, кога стана задолжителна обврската на договоните органи да изберат снабдувач со електрична енергија на слободен пазар**. Како договорен орган ги испочитува крајните рокови и склучи Договор за јавна набавка на 27.04.2020 година(во јануари 2020 година беа спроведени и обуки за оваа намена).

Во врска со **поштенските услуги** сакаме да посочиме дека согласно член 23 став 4) од ЗЈН - Одредбите на овој закон не се применуваат на: услуги кои договорниот орган ги доделува на друг договорен орган, или здружение на договорни органи, ако истите имаат ексклузивно право врз основа на закон, подзаконски акт или управен акт објавен во „Службен весник на Република Македонија" односно во општинско службено гласило да ги обезбедуваат предметните услуги, во случајов **АВРСМ и АД Пошти на РСМ..**

***<u>Сакам да напоменам дека во претходните ревизорски извештаи не било никогаш посочено и укажано на набавките за електрична енергија и поштенски услуги, особено не биле забележани како превземени обврски без споведување на постапка за јавна набавка, ниту во АВРСМ ниту во друга државна институција.</u>***

Со оглед на горенаведеното, превземените обврски за набавки за кои предходниот ревизорски извештај стои дека се без спорведување на постапка за јавна набавка

од вкупно **17.585.000,00 денари** или **280.630,00 евра**,

**59%** односно **10.430.000,00 денари** или **169.594,00 евра** се потрошени за **електрична енергија** кон **ЕВН Македонија,**

**27%** односно **4.724.643,00 денари** или **76.823,00 евра** се потрошени за **поштенски услуги** кон **АД Пошта на Република Северна Македонија).**

***<u>Значи 86%, односно 15.154.643,00 денари или 246.417,00 евра од вкупниот износ на горе наведенитесредства потрошени се за електрична енергија кон ЕВН и поштенски услуги кон АД Македонски пошти.</u>***

Останатиот дел од **34.213,00 евра** или **2.104.100 денари** (со вклучен ДДВ), односно **28.994,00 евра** или **1.783.135 денари** (без вклучен ДДВ) **се потрошени преку материјални трошоци на итни и непредвидени набавки на стоки и услуги направени преку <u>30 центри за вработување</u>**

**(распределени на целата територија на РСМ) и Централна служба на Агенцијата** за вработување на Република Северна Македонија лоцирана во Скопје, за најразлични стоки и услуги од локални оператори/добавувачи.

Од нив 12 000 евра без ДДВ се дозволени со закон, што значи останатите **17 000 евра преку материјални трошоци потрошиле 30 центри во 30 општини од локални добавувачи /оператори или во просек по 500 евра за 12 месеци.**

Видно од материјалните докази, Центрите за вработување добиваат одобрување за материјални расходи, од кои поголемиот дел, односно **648.464,00 денари (549.545,00 денари без вклучен ДДВ) или 10.381,00 евра (8.797,00 евра без вклучен ДДВ),** се потрошени на итни набавки поврзани со КОВИД-19 кризната состојба (набавка на заштитни маски, ракавици, средства за дезинфекција, дезинфекција на објекти,одржување на хигиена и сл.). Овие набавки се направени од страна на 30 Центри за вработување, од различни локални добавувачи на 30 локации на целата територија на РСМ. (да напоменам дека со цел да заштедиме купивме пумпи за прскање овошје и зеленцук и раствор па вработените сами ги дезинфицираа објектите, еден дел и имавме донации од платнени маски)

**Агенцијата за вработување на РСМ беше единствена институција која беше физички отворена за сите странки за целотовреметраење на кризната состојба бидејќи се реализираа Активните мерки од Оперативниот план, спроведовме повеќе мерки кои Владата на РСМ ги донесе во врска со доделување на помош и парични средства за време на КОВИД-19 кризната состојба за невработените лица и за компаниите. Со цел непречено остварување на обврските на институцијата, сите Центри за вработување беа задолжени за превземање на сите мерки за заштита и превенција од вирусот, како за вработените така и за стрнаките.**

Сметам дека превземените обврски на АВРСМ кон АД Македонски почти и ЕВН не треба да стојат како средства потрошени без спроведени постапки, а останатите треба да бидат јасно прикажани и образложени во табеларен приказ на потрошени сресва по вид (стоки и услуги) и Центри за вработување.

Со почит,

Скопје, 30.08.2021 год. Подносител

Предходен директор на АВРСМ

Билјана Јовановска

**Агенција за вработување**
**на Република Северна Македонија**
**-Централна служба-**
Ул. Васил Ѓоргов бр.43, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија;
тел. ++389 (0) 2 3111-850
www.av.gov.mk

**Agjencia e punësimit**
**e Republikës së Maqedonisë së Veriut**
**- Shërbimi Qendror-**
St. Vasil Gjorgov 43, 1000 Shkup,
Republikës së Maqedonisë së Veriut;
tel. ++389 (0) 2 3111-850
www.av.gov.mk

Наш знак:05-260/10
Скопје, 30-08-2021

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 06.09.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број: Nr: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| | 16- | 141 | 13 |

До
Државен завод за ревизија
Палата Емануел Чучков ББ
1000 Скопје

Предмет: Забелешки по Нацрт извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија

*Врска: Ваш допис бр.16-141/12 од 03.08.2021 година*

*Почитувани,*

Во врска со Вашиот допис под горенаведениот број и датум (заведен под наш архивски број 05-260/8 од 05.08.2021 година), со кој ни го доставувате Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија бр.16-141/9 од 03.08.2021 година, во утврдениот рок од 30 дена на приемот, ги доставуваме следниве забелешки:

**Во точка 4.3.3.** од Нацрт-извештајот, наведена е состојбата со необезбедените имотни листови за објектите со кои располага Агенцијата за вработување односно во централната служба и центрите за вработување наведени во табелата - Прилог бр.1, како и дека во дел од имотните листи од пет центри за вработување не се впишани податоци за сопственоста и правото на користење на градежните објекти од Агенцијата за вработување - Прилог бр.2, па предложена е:

**Препорака: Одговорните лица во Агенцијата да продолжат со преземање активности со цел довршување на постапките за утврдување на правен статус на објектите кои се користат, како и впишување на податоци за сопственоста и правото на користење на земјиштето во оние имотни листи каде што не се впишани.**

Во врска со горенаведеното, напоменуваме дека Агенцијата за вработување веќе ги има превземено сите можни и неопходни активности и дејствија за довршување на постапките за утврдување на правен статус на објектите кои ги користи, а кои се во надлежност на Агенцијата за вработување (благовремено, во законскиот рок се поднесени сите барања за легализација на објектите, барањата се комплетирани во законскиот рок со изработени елаборати, а доставени се и Ургенции до надлежните органи/институции за довршување на започнатите постапки во што е можно покус рок - што е констатирано и од самата

**Агенција за вработување**
**на Република Северна Македонија**
**-Централна служба-**
Ул. Васил Ѓоргов бр.43, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија;
тел. ++389 (0) 2 3111-850
www.av.gov.mk

**Agjencia e punësimit**
**e Republikës së Maqedonisë së Veriut**
**- Shërbimi Qendror-**
St. Vasil Gjorgov 43, 1000 Shkup,
Republikës së Maqedonisë së Veriut;
tel. ++389 (0) 2 3111-850
www.av.gov.mk

Ревизија), така што текот и рокот во кој ќе довршат веќе започнатите постапки не зависат од Агенцијата за вработување, туку од ажурноста на останатите надлежни органи/институции.

**Од тие причини сметаме дека горенаведената Препорака треба да изостане од ревизорскиот извештај.**

**Покрај тоа напоменуваме дека во Прилог бр.2 треба да биде изоставен Центарот за вработување Тетово од причина што за овој објект е впишано правото на сопственост/користење на објект на име на Агенција за вработување на РСМ – Центар за вработување Тетово, видно од Имотниот лист бр.111674 –катастарска општина Тетово. (во прилог)**

**Во точка 4.2.4** од Нацрт извештајот во врска со постапките и чекорите превземени во тек на имплементација на Оперативниот План 2020 год како и Оперативните Упатства за активни програми, мерки и услуги за вработување го даваме следното образложение:

- Во извештајот се наведува дека не е обезбедена комплетна документација и извршување на мониторинг, а причина за ваквата состојба е недоволен број на човечки ресурси кои би се вклучиле за мониторинг на терен како и недостаток на превозни средства. Во повеќето ЦВ се извршува мониторинг во зависност за која мерка се работи и каде што АВРСМ целосно документирано со докази следи мониторинг од страна на сите ЦВ.

- Издавањето на сертификати го врши спроведувачот на обуката - Практиканство каде што на невработеното лице се врши обука. Поради пандемијата со КОВИД 19 и работење во услови на рестриктивни мерки (ограничено движење, карантин и слично), дел од центрите за вработување не биле во можност да ги достават тие потврди издадени од страна на работодавачите и кандидатите кои следеле обука. Центрите во целост се придржуваат на правата и обврските кои се предвидени во Оперативниот План, Оперативните Упатства и договорот.

- Во делот каде се укажува дека не е дефинирано времетраењето за повторно аплицирање на истите лица во мерката самовработување, согласно Оперативниот план и Оперативните упатства лицата кои ја користеле мерката Самовработување (Претприемништво) **немаат право на повторно учество во програмата** која е предвидена и децидна во Оперативниот план. Основачот/корисникот на грантот кој ќе престане да ја врши дејноста, не може да се врати на евиденцијата на невработени лица во рок од 3 години од денот на засновањето на работниот однос *односно едно лице само еднаш може да ја користи оваа мерка*.

- Во врска со забелешката за отсуство на доказ за издадена потврда/ сертификат по завршената обука за мерката Обука за побарувани занимања, центрите за вработување ги поседуваат доказите за завршена обука кои се доставени: *Сертификатите на учесниците и Записници од набљудување на полагање, а истото се потврдува и со Финалниот извештај кој го доставуваат спроведувачите на обука*, каде се наведени податоците на лицата кои успешно ја завршиле обуката и положиле. Сите наведени документи, заедно со пријавата за учество во мерката и договорот се дел од досието на невработеното лице.

Во врска со забелешките кои што се однесуваат на Поддршка за вработување на инвалидни лица во точите 6.2 и 6.3 известуваме за следното:

**Агенција за вработување**
**на Република Северна Македонија**
**-Централна служба-**
Ул. Васил Ѓоргов бр.43, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија;
тел. ++389 (0) 2 3111-850
www.av.gov.mk

**Agjencia e punësimit**
**e Republikës së Maqedonisë së Veriut**
**- Shërbimi Qendror-**
St. Vasil Gjorgov 43, 1000 Shkup,
Republikës së Maqedonisë së Veriut;
tel. ++389 (0) 2 3111-850
www.av.gov.mk

Двете забелешки не се однесуваат директно на спроведувањето на мерката од страна на Агенцијата за вработување.
Имено, за изворите на средства од кои се финансира Посебниот фонд, нивната висина како и временскиот период во кој истите треба да бидат обезбедени, е состојба која е утврдена во спроведенета ревизија за 2016 година и во однос на ова како што и ревизијата наведува, во периодот на известување на ревизијата од страна на директорот на Агенцијата доставено е Барање за постапување до Секторот за даночна и царинска политика при Министерството за финансии.
Исто така издавањето на Наод и мислење за определување на работи кои може да ги извршува инвалидното лице на соодветно работно место е во надлежност на Комисијата за определување на работи кои може да ги извршува инвалидното лице, формирана при МТСП. Согласно наведеното Агенцијата за вработување постапува по Наодот дали инвалидното лице може да работи на соодветно работно место или не може.

**Во врска со точка 4.3.1., алинеа 1, наведено е:**

*„Констатирана разлика за двојно искажано зголемување на вредноста на два објекти во два ЦВ, во износ од 30.572 илјади денари"*

Во ексел фајлот кој е доставен до ревизорите, а кој што е експортиран од базата на податоци за 2020 година, за тие две ставки, во колоната со наслов **StatusOS_title** стои вредност **„Сторно-набавка"** што значи дека тие два записи се неважечки, па оттука не се дупли и вредноста во нив не треба да се собира во вкупната вредност на основните средства.

Колоните **Created** и **Updated** прикажуваат кога е направен иницијалниот запис и кога е корегиран неговиот статус, односно сторниран записот, *<u>што значи дека софтверот има можност за корекција на грешно внесени записи.</u>* Во случај кога некој запис станува невалиден, тој не се брише туку само му се менува статусот.

Подолу е прикажан дел од ексел фајлот кој ги содржи овде споменатите податоци, а во текот на ревизијата во разговор со ревизорите, дадено е објаснување за значењето на статусот **„Сторно-набавка"**.

| OE_code | OE_title | Year | month | Title | SegasnaVrednost | Created | Updated | StatusOS_title |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | БИТОЛА | 2020 | 12 | Управна зграда | 23.681.163,00 | 2021-01-15 09:35:11.493 | 2021-01-27 12:12:30.307 | Сторно набавка |
| 11 | КАВАДАРЦ | 2020 | 12 | Управна зграда | 6.890.905,00 | 2021-01-12 08:52:21.773 | 2021-01-12 09:01:43.613 | Сторно набавка |
| | | | | | 30.572.068,00 | | | |

**Во врска со истата точка 4.3.1., во алинеа 2, наведено е:**

*„Не е извршен отпис од материјалната евиденција на 2 возила од два ЦВ во износ од 1232 илјади денари,кои согласно Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост се продадени, а средствата од продажба се уплатени во Буџетот на РСМ"*

**Агенција за вработување**
**на Република Северна Македонија**
**-Централна служба-**
Ул. Васил Ѓоргов бр.43, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија;
тел. ++389 (0) 2 3111-850
www.av.gov.mk

**Agjencia e punësimit**
**e Republikës së Maqedonisë së Veriut**
**- Shërbimi Qendror-**
St. Vasil Gjorgov 43, 1000 Shkup,
Republikës së Maqedonisë së Veriut;
tel. ++389 (0) 2 3111-850
www.av.gov.mk

Во ексел фајлот кој е доставен до ревизорите, а кој што е експортиран од базата на податоци за 2020 година, за тие две ставки, во колоната со наслов **StatusOS_title, за едно од возилата** стои вредност **„Раздолжено"**.

Подолу е прикажан дел од ексел фајлот кој ги содржи овде споменатите податоци:

| OE_code | OE_title | Year | month | Title | SegasnaVrednost | Created | Updated | StatusOS_title |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | ДЕБАР | 2020 | 12 | Возило РЕНО СКЕНИК | 892178,48 | 2020-11-13 09:48:23.787 | 2021-01-29 10:10:50.417 | Раздолжено |

**<u>Имајќи го во предвид горенаведеното сметаме дека во Конечниот извештај треба *да се иземе алинеа 1* од точка 4.3.1. која гласи:</u>**
-*„двојно искажано зголемување на вредноста на два објекти во два ЦВ во износ од 30.572 илјади денари*".
**<u>Додека пак, во алинеја 2 од истата точка 4.3.1 која гласи:</u>**
-*„Не е извршен отпис од материјалната евиденција на 2 возила од два ЦВ во износ од 1232 илјади денари ,кои согласно Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост се продадени, а средствата од продажба се уплатени во Буџетот на РСМ"* **<u>да се изврши замена на зборовите „2 возила" со зборовите „1 возило".</u>**

**<u>Во точка 4.4.1. од нацрт извештајот ја даваме следнава забелешка:</u>**

- Согласно Законот за јавни набавки, во текот на годината има одредено лимит во износ од **12.000 евра во денарска противвредност (без ДДВ),** за набавки без спроведување на постапка за јавна набавка. АВРСМ го има надминато годишниот лимит за набавки без спроведување на постапки во текот на 2020 година, каде главната причина е територијалната распределност на Центрите за вработување на целата територија на РСМ, а ***<u>набавките на стоки и услуги се направени од 30 Центри за вработување преку материјални расходи</u>*** *<u>и пред се за одржување на хигиена и заштита од Ковид 19,</u>* ***<u>а се направени од локални добавувачи/ оператори.</u>***

Од претходно искуство, АВРСМ има потешкотии во спроведување на набавки на централно ниво (поништени постапки за јавни набавки каде нема поднесено ниту една понуда) за сите Центри за вработување, од причина што не постојат економски оператори на пазарот кои би можеле да ги задоволат потребите на сите Центри за вработување и да ја опслужуваат инситуцијата целосно во сите Центри за вработување.

**Истовремено, голем дел од превземените обврски од страна на институцијата, без спроведување на постапка за јавна набавка <u>се трошоците за електрична енергија и поштенските услуги.</u>**

Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија како голем потрошувач на електрична енергија, ја превиде во планот за јавни набаваки и спроведе постапка за јавна набавка во 2020 година, *кога стана задолжителна обврската на договоните органи да изберат снабдувач со електрична енергија на слободен пазар.* <u>Како договорен орган ги испочитува крајните рокови и склучи Договор за јавна набавка на 27.04.2020 година, а со тоа не беше префлена воопшто кај снабдувачот во краен случај.</u>

Во врска со поштенските услуги сакаме да посочиме дека согласно член 23 став 4 од ЗЈН - Одредбите на овој закон не се применуваат на: услуги кои договорниот орган ги доделува на друг договорен орган или здружение на договорни органи, ако истите имаат ексклузивно право врз основа на закон, подзаконски акт или управен акт објавен во „Службен весник на Република Македонија" односно во општинско службено гласило да ги обезбедуваат предметните услуги.

АД Пошта на Република Северна Македонија е носител на Индивидуална дозвола од највисок ранг издадена од Агенција на пошти на РСМ и се единствени што може да ги вршат поштенските услуги на цела територија на Република Северна Македонија и по најниски цени. Согласно последните измени на Законот за поштенските услуги (Службен весник на РСМ бр.150/2021), екслузивитетот за пратките за коресподенција до 50 грама е продолжен до 31.12.2021 година. Исто така, согласно член 41 став 3 од Законот за поштенски услуги, за резервираните поштенски услуги, давателите на поштенски услуги (носителите на Општо овластување) се должни да ги обезбедат по цена од најмалку 2,5 пати повисока од цената по која давателот на универзална услуга ги обезбедува пратките за коресподенција од стандардната категорија во првата тежинска стапка. *Со оглед на тоа дека се работи за набавка на поштенски услуги до 50 грама, за кои постои ексклузивитет согласно Законот за поштенски услуги, не е во интерес на Договорниот орган да спроведе постапка за јавна набавка и да ги набави услугите по повисока цена од онаа која ги нуди АД Пошта на Република Северна Македонија.*

*Сакаме да напомeнеме дека во претходните ревизорски извештаи не било никогаш посочено и укажано на набавките за електрична енергија и поштенски услуги, особено не биле забележани како превземени обврски без споведување на постапка за јавна набавка.*

Со оглед на горенаведеното, превземените обврски за набавки без спорведување на постапка за јавна набавка од вкупно **17.585.000,00 денари** или **280.630,00 евра**, од кои **59%** односно **10.430.000,00 денари** или **169.594,00 евра** се потрошени за електрична енергија, би се намалиле дополнително за значителен износ од **27%** односно **4.724.643,00 денари** или **76.823,00 евра** (потрошени за поштенски услуги кон АД Пошта на Република Северна Македонија). ***Вкупниот износ на потрошени средства за електрична енергија и поштенски услуги изнесува 246.417,00 евра или 15.154.643,00 денари, односно 86% од вкупниот износ на потрошени средства на АВРСМ.***

*Останатиот дел од **34.213,00 евра** или **2.104.100 денари** (со вклучен ДДВ), односно **28.994,00 евра** или **1.783.135 денари** (без вклучен ДДВ) се потрошени на итни и непредвидени набавки на стоки и услуги во 30 центри за вработување (распределени на целата територија на РСМ) и Централна служба на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија лоцирана во Скопје.*

Видно од материјалните докази, Центрите за вработување добиваат одобрување за материјални расходи, од кои поголемиот дел, одосно **648.464,00 денари (549.545,00 денари без вклучен ДДВ) или 10.381,00 евра (8.797,00 евра без вклучен ДДВ)**, *се потрошени на итни набавки поврзани со КОВИД-19 кризната состојба* (набавка на заштитни маски, ракавици, средства за дезинфекција, дезинфекција на објекти и сл.). Овие набавки се направени од страна на 30 Центри за вработување, од различни локални добавувачи на 30 локации на целата територија на РСМ.

Агенцијата за вработување на РСМ како институција беше отворена за сите странки за целото времетраење на кризната состојба. Истовремено, Агенцијата за вработување на РСМ беше спроведувач на повеќе мерки кои Владата на РСМ ги донесе во врска со доделување на помош и парични средства за време на КОВИД-19 кризната состојба за невработените лица и за компаниите. Со цел непречено остварување на обврските на институцијата, сите Центри за вработување беа задолжени за превземање на сите мерки за заштита и превенција од вирусот, како за вработените така и за странките.

***Сметаме дека превземените обврски на АВРСМ треба да бидат јасно прикажани и образложени во табеларен приказ на потрошени сресва по вид (стоки и услуги) и Центри за вработување.***

- Во врска со спроведената постапка за јавна набавка на работи за Модернизација, санација и адаптација на Центар за вработување Куманово, склучен е Договор за јавна набавка, како и Анекс на Договор кои се во целост согласно Законот за јавни набавки.

Имено, договорниот орган е задолжен за спроведување на постапката за јавна набавка и склучување на Договор за јавна набавка, да ги почитува и другите позитивни законски прописи кои се однесуваат на предметот на набавка, како Законот за облигациони односи, Законот за финансиско работење, Закон за заштита на лични податоци, Закон за градење, Закон за енергетика и сл. Во врска со Договорот за изведување на градежни работи, особено е важен Законот за градење и сите прописи, акти и согласности кои мора да се почитуваат, а произлегуваат од него. Добивањето на Согласност за градење од Општината беше задолжително и условно за отпочнување на Договорот за јавна набавка. Првично со Допис беше испратено Известување до Општина Куманово дека Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија ќе врши градежни работи во Центарот за вработување Куманово. Откако Општина Куманово побара проектна документација и пропратни докуемнти за одобрување и отпочнување на градежните активности, *АВРСМ испрати Допис со проектна документација и сите правни документи кои беа потребни за добивање на согласноста.*

Исто така, дополнувањето на склучениот договор, односно склучувањето на Анекс на Договорот, беше неопходно за продолжување на сите градежни активности во Центарот. Со испратен Допис од страна на Раководителот на Центарот, направен Записник на лице место од страна на Комисија и Образложение за потребите од промена на целосната компјутерска инсталација и мрежно поврзување на Центарот, беше потребно да се дополни Договорот за јавна набавака, кое е дополување е целосно во согласност со член 119 од Законот за јавни набавки.

*Договорот за јавна набавка, како и Анексот на Договорот, беа јавно и транспарентно објавени на Електронскиот систем за јавни набавки.*

*<u>Завршниот извештај за примопредавање на Објектот</u>* ***<u>е</u>*** *<u>добиен на 16.05.2021 година</u>****<u>, каде е наведено дека работите предмет на набавка се завршени со датум 30.04.2021 година</u>***. Со оглед на целата ситуација во земјата и светот, временските услови, како и обврската Центарот за вработување да функционира нормално и без застој за времетраење на изведувањето на градежните работи, беше пролонгиран рокот на изведување на работите. Истовремено, склучувањето на Анекс на Договорот подразбираше изведување на дополнителни работи низ целиот објект, ангажирање на дополнителни лица и опрема и дополнително време за извршување работите.

**Агенција за вработување**
**на Република Северна Македонија**
**-Централна служба-**
Ул. Васил Ѓоргов бр.43, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија;
тел. ++389 (0) 2 3111-850
www.av.gov.mk

**Agjencia e punësimit**
**e Republikës së Maqedonisë së Veriut**
**- Shërbimi Qendror-**
St. Vasil Gjorgov 43, 1000 Shkup,
Republikës së Maqedonisë së Veriut;
tel. ++389 (0) 2 3111-850
www.av.gov.mk

*Во смисла на навремено извршување на работите, како и рационално и ефикасно искористување на средствата, раскинувањето на Договорот за јавна набавка во неговото времетраење и за времетраење на изведување на работите, ќе предизвика голема штета како на институцијата, така и на искористувањето на буџетските средства.*

*Ви благодариме на соработката.*

Со почит,

Изработил:Влатко Ралевски-Виш соработник
Контролирал:Ирена Тешиќ-Раководител на одделение

Директор
Abdush Demiri

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**
1105-17004/2021 од 17.05.2021 08:17:36

1105-17004/2021

# ИМОТЕН ЛИСТ број: 111674 ПРЕПИС
## Катастарска општина: ТЕТОВО 1

### Г9.s.Право на користење на зграда, посебен/заеднички дел од зграда и друг објект

| Носител на право на користење: | ЕМБГ / ЕМБС | Адреса / Седиште | Дапе на правото на користење |
|---|---|---|---|
| АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА Р.М-ЦЕНТАР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ | 4063805 | ТЕТОВО; - - | 1/1 |

| Број на катастарска парцела – основен | Број на катастарска парцела – дел | Број на зграда/друг објект | Влез | Кат | Број | Намена на посебен/заеднички дел од зграда | Внатрешна површина во м2 | Отворена површина во м2 | Волумен во м3 | Правен основ на запишувањето на правото на користење | Број на предмет по кој е извршено запишување | Датум и час на запишување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1739 | 1 | 1 | 1 | ПО | 1 | П | 101 | | | Стара кат.евиденција КП 3786/9 ПЛ 10289 Ко Тетово. | 1126-175/2021 | 25.03.2021 09:35:37 |
| 1739 | 1 | 1 | 1 | ПР | 1 | ДПД | 653 | | | | | |
| 1739 | 1 | 1 | 1 | ПР | 1 | ПП | 9 | | | | | |
| 1739 | 1 | 1 | 1 | | 1 | ХС | 75 | | | | | |
| 1739 | 1 | 1 | 2.3 | ПР | 1 | Т | 116 | | | | | |
| 1739 | 1 | 1 | 2.3 | ПР | 1 | ХС | 22 | | | | | |
| 1739 | 1 | 1 | 4 | ПР | 1 | П | 100 | | | | | |

### Легенда на внесени шифри и кратенки:

| Шифра | Опис |
|---|---|
| В4-5 | агенции |
| ДПД | други посебни делови од зградите |
| П | помошна просторија |
| ПП | помошни површини (тераса, лоѓија, балкон) |
| Т | спортски терен |

| Тип | Опис |
|---|---|
| Препис | Цела содржина од имотниот лист |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ Одделение за катастар на недвижности I ТЕТОВО М.П.

**Овластено лице:**
**Весна Janeска**
име и презиме, потпис

Агенција за вработување
на Република Северна Македонија
-Централна служба-
Ул. Васил Ѓоргов бр.43, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија;
тел. ++389 (0) 2 3111-850
www.av.gov.mk

Agjencia e punësimit
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
- Shërbimi Qendror-
St. Vasil Gjorgov 43, 1000 Shkup,
Republikës së Maqedonisë së Veriut;
tel. ++389 (0) 2 3111-850
www.av.gov.mk

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA E PUNËSIMIT E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 05-260
24 08 2021 год.viti
Скопје-Shkup

ДО
Државен завод за ревизија
ул. „Павел Шатев“ бр. 2
Палата „Емануел Чучков“
1000 Скопје
Република Северна Македонија

**Предмет:** Одговор на Писмо доставено до раководството на АВРСМ
**Врска:** Ваш допис бр. 16-141/12 од 03.08.2021 година

*Почитувани,*

Во врска со Вашиот допис под горенаведениот број и датум со кој наведувате дека, согласно член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор, во правилникот на систематизација на работните места може да бидат систематизирани најмногу 10% повеќе работни места од работните места за кои се обезбедени финансиски средства за плати и надоместоци во буџетот на институцијата за соодветната година и во таа смисла, во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија ревизијата констатира отстапување во законски предвидениот процент, односно во 2020 година бројот на систематизирани работни места е за 22% повеќе во однос на работните места за кои се обезбедени финансиски средства за плати и надоместоци во буџетот на Агенцијата или за 12 % над законскиот лимит, Ве известуваме за следното:

Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, по извршеното усогласување на новата законска регулатива и донесувањето на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и поради големиот број на извршените измени на постојаниот акт за систематизација и потребата од доусогласување со извршените промени на материјалниот закон, изготви нов Правилник за систематизација на работните места со бр. 02-2987 од 09.10.2020 година и истиот го достави за добивање на писмена согласност до Министерството за информатичко општество и администрација, а согласно член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор.

Министерството за информатичко општество и администрација, по разгледување на горенаведениот Правилник за систематизација, и во прилог доставениот Допис бр. 04-3006/1 од 15.10.2020, во кој меѓу другото се наведеуваат и причините за носење на нов акт за систематизација на работните места во институцијата, утврди дека истиот е донесен во

согласност со постојаниот Правилник за внатрешна организација на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, број 02-586/2 од 04.04.2016 година, со извршените измени број 02-3204/2 од 12.09.2019 година и број 02-3961/3 од 03.12.2019 година како и во согласност со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административните службеници, Правилникот за соджината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/15) и Каталогот на работни места во јавниот сектор, составен дел на Информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР), воспоставен од страна на Министерството за информатичко општество и администрација,

Имено, во Дописот бр. 04-3006/1 од 15.10.2020 година, стр. 2, е наведено дека, при изготвување на новиот акт за систематизација, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија ја има во предвид одредбата од член 17 став 5 од Законот за вработените во јавниот сектор, според која во актот за систематизација на работните места може да се систематизираат најмногу 10% повеќе работни места од работните места за кои се обезбедени финансиски средства за плати и надоместоци во буџетот на институцијата, па затоа со актот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување се намалува од 645 на 625 извршители ( административни службеници , даватели на јавни услуги, помошно-технички лица и други вработени), со прилог табела.

Со оглед на горенаведеното, Правилникот за систематизација на работните места со бр. 02-2987 од 09.10.2020 година на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија се донесе врз основа на Писмена согласност бр.12/6-896/7 од 28.10.2020 година, добиена од Министерството за информатичко општество и администрација.

*Со почит*

Прилог:

- Фотокопија од Барање согласност на акт за систематизација бр. 04-3006/1 од 15.10.2020 година
- Фотокопија од допрецизирање на барање бр. 04-3006/2 од 19.10.2020 година
- Фотокопија на Писмена согласност од МИОА бр. 04-3006/3 од 30.10.2020 година.

Директор
Abdush Demiri

**Агенција за вработување**
**на Република Северна Македонија**
**-Централна служба-**
Ул. Васил Ѓоргов бр.43, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија;
тел. ++389 (0) 2 3111-850
www.av.gov.mk

**Agjencia e punësimit**
**e Republikës së Maqedonisë së Veriut**
**- Shërbimi Qendror-**
St. Vasil Gjorgov 43, 1000 Shkup,
Republikës së Maqedonisë së Veriut;
tel. ++389 (0) 2 3111-850
www.av.gov.mk

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA E PUNËSIMIT E
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 04-3006/1
15-10-2020 година/viti
Скопје-Shkup

До 15.10.2020
**Министерство за информатичко општество и администрација**
**Бул. "Св.Кирил и Методиј" бр.54 1000 Скопје**

**ПРЕДМЕТ:** Барање согласност на акт за систематизација

Почитувани,

Врз основа на член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор во прилог на овој допис Ви го доставуваме Правилник за систематизација на работените места во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија бр.02-2987 од 09.10.2020 година, усвоен од страна на Управниот одбор на Агенцијата, заради добивање на писмена согласност на истиот од Ваша страна.

Обврската Агенцијата за вработување на РСМ да пристапи кон измена на актот за систематизација на работните места произлезе од измените и дополнувањата на материјалниот закон со кој е регулирана надлежноста на институцијата. Имено, во член 24 од Законот за изменување и дополнување на Законотот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.124/19) кој стапи во сила на ден 26.06.2019 година, е уредено дека: "Статутот и актите за организација и систематизација на работните места на Агенцијата ќе се усогласат со одредбите од овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон". Во измените и дополнувањата на материјалниот закон е уредено дека „вработените во Агенцијата кои вршат работи од административна природа и кои имаа статус на административни службеници, категориите, нивоата и звањата се утврдуваат согласно одредбите на Законот за административни службеници (што значи не постои можност да се уредуваат со Колективен договор како претходно). Во став 2 од истиот закон пак е регулирано дека за прашањата кој се однесуваат на вработувањето, правата и должностите, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерење на ефектот, системот на плати, одговорноста, престанокот на вработувањето, заштитата и одлучувањето за правата и обврските и другите прашања од работен однос на администаративните службеници во Агенцијата, се применуваат одредбите од Законот за административни службеници и Законот за вработени во јавен сектор. Со член 8 од Законот за измена и дополнување на Законот за административни службеници ("Службен весник на РСМ" бр.14/2020), пак се дава можност административниот службеник кој е на работно место од категоријата на помошно-стручни административни службеници а кој ги исполнува посебните услови предвидени со закон на негово барање да може да се распореди на работно место помлад соработник. Но иако има вработени кој ги исполнуваат законските услови, Агенцијата за вработување неможе да ги распореди на работно место помлад соработник, од причина што во актот за систематизација не беа предвидени работни места од четврто ниво.

Со досегашните акти на институцијата беа предвидени само по две нивоа на работните места кај стручно административните и помошно-стручните административни службеници при што за работното место од второ ниво "Соработник" звањето не кореспондира со звањето дефинирано во Законот за административни службеници "Виш соработник", а во однос на бодовите за плата за звање се предвидени 246 бодови, спротивно на ЗАС каде за звањето "Соработник" се предвидени 231 бодови. За работното место од прво ниво кај помошно-стручните административни службеници е дадено звање "Виш референт" кое некореспондира со звањето дефинирано во Законот за административни службеници "Самостоен референт", а во однос на бодовите за плата за звање се предвидени 196 бодови, додека за звањето Виш референт во ЗАС се предвидени 181 бодови. Ист е случајот и за помошно-стручните административни службеници од второ ниво за кои е дадено звање "Референт" кое некореспондира со звањето дефинирано во Законот за администаративни службеници "Виш референт", а во однос на бодовите за плата за звање се предвидени 181 бодови, што не кореспондира со одредбите на ЗАС, каде за звањето "референт" се предвидени 166 бодови.

Ова е причината поради која што Агенцијата за администрација одбива да ги објави огласите за вработување на извршител
на неопределено време во АВРСМ и е голема пречка за пополнување на упразнети работни места во институцијата
на неопределено време во АВРСМ и е голема пречка за пополнување на упразнети работни места во институцијата на работата во Агенцијата.
изминатиот период, со што се доведува во прашање редовното функционирање и организација на работата во Агенцијата.
Согласно сето претходно наведено, а имајќи го во предвид фактот дека од 2016 година до сега актот за систематизацијa
работните места во институцијата е повеќе пати менувам, заради полесна примена на истиот се пристапи кон изготвување
нов (консолидиран) текст на Правилник за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Р
*Соизмените на актот за систематизација, кај трите категории на работни места на административните службеници застапени*

Агенцијата и тоа раководните, стручно-администаративните и помошно-стручните администартивни службеници се воведуваат четири нивоа на работни места. Со новиот акт за систематизација, категориите, нивоата и звањата на административните службеници во целост се усогласуваат со одредбите на Законот за администартивни службеници (согласно упатната одредба содржана во член 17 од Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност). При изготвувањето на новиот акт за систематизација, Агенцијата за вработување на РСМ ја имаше во предвид одредбата од член 17 став (5) од ЗВЈС според која во актот за систематизација на работните места може да се систематизираат најмногу 10% повеќе работни места од работните места за кои се обезбедени финансиски средства за плати и надоместоци во буџетот на институцијата, па затоа со актот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување ма РСМ вкупниот број на систематизирани работни места во институцијата се намалува од (645) на (625) извршители (административни службеници, даватели на јавни услуги, помошно-технички лица и други вработени), како што е прикажано во Табела 1.

Табела 1.Состојба на систематизирани работни места во АВРСМ

| Работни места | Претходна состојба | Нова состојба |
|---|---|---|
| Административни службеници | 537 | 519 |
| Даватели на јавни услуги | 49 | 45 |
| Помошно-технички лица | 47 | 49 |
| Други вработени (вработени на Проект на определено време) | 12 | 12 |
| ВКУПНО | 645 | 625 |

Исто така, Агенцијата за вработување на РСМ ги имаше во предвид и одредбите од член 17 од Правилникот за содржината и начинот на подготовка на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.11/2015), па за секое систематизирано работно место во актот се предвидени најмногу три струки односно најмногу три научни полиња кои соодејствуваат на описот на работното место, освен кај работните места под реден број 21. Советник за координација на активни мерки за вработување, 86. Раководител на Центар за вработување (регионален), 87. Раководител на Центар за вработување(локален), 98. Советник за активни мерки за вработување, 102. Виш соработник за активни мерки за вработување, 106. Соработник за активни мерки за вработување, 111. Самостоен референт за шалтерски услуги, 112. Самостоен референт за услуги за поддршка за вработување , 115. Референт за шалтерски услуги и 116. Референт за услуги за поддршка за вработување, од причина што на овие работни места работат голем број на извршители кои се од различни струки, но со долгогодишно работно место во институцијата и истите се целосно остручени за работите и работните задачи кои ги извршуваат. Во прилог Ви доставуваме и Табеларен преглед со состојба на систематизирани работни места по организациони единици (Прилог 2).

Се надеваме дека ќе го прифатите нашето барање и дека ќе ни биде дадена писмена согласност на Правилник за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија бр.02-2987 од 09.10.2020 година.

Со почит,

Прилог:

- Правилник за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на РСМ бр.02-2987 од 09.10.2020 година;
- Табеларен преглед со состојба на систематизирани работни места по организациони единици.

Изработил: Слаџана Анѓелковска, *Соработник за стручна поддршка на работата на Управниот одбор
Контролирал: Елизабета Мартиноска, Советник за вработување, мобилност и службенички однос
Одобрил: Виолетка Спасевска, раководител на сектор за унапредување и развој на човечки ресурси

Директор,
Билјана Јовановска

Прилог 2. Табеларен преглед со состојба на систематизирани работни места по организациони единици

| Ред. бр. | Звање и/или назив на работното место | Број на систематизирани работни места (претходно) | Број на систематизирани работни места (сега) |
|---|---|---|---|
| | **Административни службеници** | | |
| 1 | Советник на Директорот | 0 | 2 |
| 2 | Раководител на Сектор | 9 | 9 |
| 3 | Раководител на Центар за вработување на град Скопје | 1 | 1 |
| 4 | Помошник раководител на Сектор | 2 | 2 |
| 5 | Раководител на Центар за вработување Куманово, Битола, Велес, Тетово, Прилеп и Струмица | 7 | 7 |
| 6 | Раководител на Одделение | 23 | 23 |
| 7 | Заменик раководител на Центар за вработување на град Скопје | 1 | 1 |
| 8 | Раководител на Центар за вработување Берово, Валандово, Виница, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Демир Хисар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Крушево, Македонски Брод, Неготино, Охрид, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Свети Николе и Струга | 22 | 22 |
| 9 | Советник | 15 | 51 |
| 10 | Виш соработник | 0 | 213 |
| 11 | Соработник | 283 | 15 |
| 12 | Помлад Соработник | 0 | 20 |
| 13 | Самостоен референт | 0 | 44 |
| 14 | Виш референт | 50 | 105 |
| 15 | Референт | 124 | 3 |
| 16 | Помлад референт | 0 | 1 |
| | **ВКУПНО** | **533** | 519 |
| | **Даватели на јавни услуги** | | |
| 17 | Координатор на оддел | 2 | 2 |
| 18 | Виш стручен службеник | 7 | 2 |
| 19 | Самостоен стручен службеник | 20 | 17 |
| 20 | Стручен службеник | 16 | 13 |
| 21 | Помлад стручен службеник | 3 | 11 |
| | **ВКУПНО** | **48** | 45 |
| | **Помошно-технички лица** | | |
| 22 | Магационер | 1 | 1 |
| 23 | Возач доставувач | 4 | 5 |
| 24 | Домаќин-хаусмајстор | 1 | 1 |
| 25 | Портир - оператор | 2 | 2 |
| 26 | Умножувач-копирант | 1 | 1 |
| 27 | Хигиеничар | 35 | 35 |
| 28 | Чувар | 3 | 3 |
| 29 | Работник на телефонска централа | 1 | 1 |
| | **ВКУПНО** | **48** | 49 |
| | **Вработени на проект на определено време** | | |
| 30 | Вработени на проект на определено време | **12** | 12 |

Агенција за вработување
на Република Северна Македонија
-Централна служба-
Ул. Васил Ѓорѓов бр.43, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија;
тел. ++389 (0) 2 3111-850
www.av.gov.mk

Agjencia e punësimit
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
- Shërbimi Qendror-
St. Vasil Gjorgov 43, 1000 Shkup,
Republikës së Maqedonisë së Veriut;
tel. ++389 (0) 2 3111-850
www.av.gov.mk

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA E PUNËSIMIT E
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Бр.-Nr. 04-3006/2
19.10 2020 год.viti
Скопје-Shkup

До
**Министерство за информатичко општество и администрација**
**Бул. "Св.Кирил и Методиј" бр.54 1000 Скопје**

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
AGJENCIA E ADMINISTRATES
Скопје-Shkup
Примено: 19.10.2020

**ПРЕДМЕТ**: Допрецизирање на барање бр.04-3006/1 од 15.10.2020 година

19.10.2020

Почитувани,

Во врска со нашиот допис под горенаведениот број и датум со кој Ви го доставивме Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија бр.02-2987 од 09.10.2020 година, заради добивање на писмена согласност на истиот од Ваша страна, сакаме да дообјасниме за следното.

Обврската Агенцијата за вработување на РСМ да пристапи кон измена на актот за систематизација на работните места произлезе од измените и дополнувањата на материјалниот закон со кој е регулирана надлежноста на институцијата а кој предвидуваше обрска Агенцијата да ги усогласи актите за внатрешна организација и за систематизација на работните места со одредбите од материјалниот закон во рок од шест месеци од денот на неговото стапување во сила, што делумно е исполнето при донесувањето на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија бр.02-3961/3 од 03.12.2019 година и со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија бр.02-662 од 30.01.2020 година, за кој добивме писмена согласност од Ваша страна. Со нив во целост се изврши усогласување на категориите, нивоата и звањата на извршителите кој имаат статус на даватели на јавни услуги од дејноста на трудот и на помошно-техничките лица со одредбите од материјалниот закон, но не и категориите, нивоата и звањата на извршителите кој имаат статус на административни (јавни) службеници, што се постигнува со сега предложениот акт за систематизација, како што е образложено во претходниот допис.

Воедно сакаме да појасниме дека Агенцијата за вработување на РСМ ги имаше во предвид одредбите од член 17 од Правилникот за содржината и начинот на подготовка на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.11/2015), па во актот за систематизација на работните места предвидуваме по најмногу три струки односно најмногу три научни полиња кои соодејствуваат на описот на работното место, освен кај работните места под реден број 21. Советник за координација на активни мерки за вработување, 86. Раководител на Центар за вработување (регионален), 87. Раководител на Центар за вработување (локален), 98. Советник за активни мерки за вработување, 102. Виш соработник за активни мерки за вработување, 106. Соработник за активни мерки за вработување, 111. Самостоен референт за шалтерски услуги, 112. Самостоен референт за услуги за поддршка за вработување , 115. Референт за шалтерски услуги и 116. Референт за услуги за поддршка за вработување.

Кај овие работни места во актот за систематизација на работните места во полето "Вид на образование" не се предвидени до три научни полиња или струки туку е предвидено "Високо образование" односно "Средно образование", од причина што на овие работни места работат голем број на извршители кои се од различни струки, со различен вид на образование, но имаат долгогодишно работно искуство во институцијата,

целосно се оструечени за работите и работните задачи кои ги извршуваат а природата на работата на овие работни места е таква што не е потребен посебен односно специфичен вид на образование.

Се надеваме дека ќе го прифатите нашето дообјаснување на претходното барање и дека позитивно ќе одговорите на нашето барање да ни биде дадена писмена согласност на Правилник за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија бр.02-2987 од 09.10.2020 година.

Ви благодарме за соработката,

Со почит

Изработил: Слаџана Анѓелковска, *Соработник за стручна поддршка на работата на Управниот одбор
Контролирал: Елизабета Мартиноска, Советник за вработување, мобилност и службенички однос
Одобрил: Виолетка Спасевска, раководител на сектор за унапредување и развој на човечки ресурси

Директор,
Билјана Јовановска

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA E PUNËSIMIT E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје Shkup
30-10-2020
04-3006/3

Република Северна Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**

До: Агенција за вработување на Република Северна Македонија
- Централна служба -

**Архивски бр.** 12/6 - 896/7
**Дата:** 28.10.2020

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 143/19 и 14/20), Министерството за информатичко општество и администрација дава

**ПИСМЕНА СОГЛАСНОСТ**

на

Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, број 02 - 2987 од 09.10.2020 година.

*Образложение*

По извршеното усогласување со новата законска регулатива и денесувањето на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, Агенцијата за вработување во Република Северна Македонија, заради големиот број на извршените измени на постојниот акт за систематизација и потребата од доусогласување со извршените промени на материјалниот закон, изготви Нов правилник за систематизација на работните места, со кој се става вон сила, претходно донесениот Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување во Република Северна Македонија, број 02 – 586/3 од 04.04.2016 година, со извршените измени број 02-825 од 09.03.2018 година,


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

број02-1022 од 03.04.2018 година, број 02-2566 од 22.08.2018 година, број 02-3204/3 од 12.09.2019 година и број 02-662 од 30.01.2020 година и согласно во основот наведениот член од Законот за вработените во јавниот сектор, истиот го достави на претходна согласност.

Министерството за информатичко општество и администрација, го разгледа донесениот Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, број 02 - 2987 од 09.10.2020 година и во прилог доставениот Допис, број 04-3006/1 од 15.10.2020 година, во кој меѓу другото се наведуваат и причините за носење на нов акт за систематизација на работните места во агенцијата и утврди дека истиот е во согласност со постојниот Правилник за внатрешна организација на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, број 02-586/2 од 04.04.2016 година, со извршните измени број 02-3204/2 од 12.09.2019 година и број 02 – 3961/3 од 03.12.2019 година како и во согласност со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија". бр. 27/14, 199/14, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018, 275/19 и 14/20), Правилник за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 11/15) и Каталогот на работни места во јавниот сектор, составен дел на Информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР), воспоставен од страна на министерството.

Врз основа на изложеното, а во рамки на законски утврдената надлежност, Министерството за информатичко општество и администрација постапи согласно горе наведеното.

Со почит,

Министер,

Doc. D-r Jeton Shaqiri

Подготвил: Емилија Чукиќ, РО



Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

www.mioa.gov.mk

Прилог 4

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (Агенцијата) број 16-141/9 од 03.08.2021 година и тоа:

- На ден 06.09.2021 година добиени се забелешки број 16-141/9 од 03.08.2021 година од директорот на Агенцијата Абдуш Демири заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-141/13 од 06.09.2021 година.
- На ден 06.09.2021 година добиени се забелешки број 16-141/9 од 03.08.2021 година од претходен директор на Агенцијата Билјана Јовановска заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-141/14 од 06.09.2021 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

**Забелешки од директорот на Агенцијата**

1. На Писмото до раководството, кое согласно Меѓународните стандарди за ревизија и методологијата за работа на Државниот завод за ревизија овластениот државен ревизор го изготвува за состојби кои се со помало влијание врз финансиските извештаи, не се доставуваат забелешки поради што ревизијата не дава одговор на доставената забелешка.

2. Забелешката на констатиранaта состојба во **точката 4.2.4. алинеја 1** која се однесува на дефинирање на периодот за можно повторно аплицирање на невработените лица за мерката самовработување (претприемништво) во оперативниот план и оперативното упатство **се прифаќа,** поради дополнително доставено појаснување дека корисниците на грант кои ќе престанат да ја вршат дејноста, немаат право на повторно учество за оваа мерка и не можат да се вратат во евиденцијата на невработени лица во рок од 3 години од денот на засновање на работниот однос, што ќе биде обелоденето во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

3. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.4. алинеја 3** која се однесува на отсуство на доказ за издадена потврда по завршена обука од страна на работодавачот на практикантот која треба да е дел од досието на оваа мерка **не се прифаќа,** поради тоа што дополнително не се доставени докази, а е образложено дека причина за констатираната состојба се посебните услови во кои работеле правните субјекти спроведувачи на обуката во време на пандемијата КОВИД 19 .

4. Забелешката на констатираната состојба **во точката 4.2.4. алинеја 4** која се однесува на отсуство на доказ за издадена потврда/сертификат по завршена обука и проверка на знаењето издадена од страна на спроведувачот на обуката која треба да е дел од индивидуалното досие на евидентираното невработено лице кај мерката обука на побарувани занимања **не се прифаќа** од причина што дополнително не се доставени докази – потврда по завршена обука од спроведувачот на обуката.

5. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.4. алинеја 5** која се однесува на комплетирање на документација и извршување на мониторинг/теренски контроли за следење на реализацијата на активните мерки уредени со Оперативните упатства и склучените договори **не се прифаќа,** од причина што не се доставени нови докази, а образложението дадено за констатираната состојба ги потврдува заклучоците кои се наведени во наодот.

6. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.1. алинеја 1** која се однесува за неусогласеноста на сегашната вредност на основните средства во материјалната евиденција и искажаната вредност во сметководствената евиденција за износ од 43.810 илјади денари **делумно се прифаќа,** поради дополнителни доставени податоци за искажување на извршените корекции, (сторно набавка или раздолжување) во софтверот за материјална евиденција на начин кој раздолжувањето на основни средства се врши со менување на статусот на основното средство што соодветно ќе биде обелоденето во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор. Износот на неусогласеност на сегашната вредност на основните средства искажана во материјалната евиденција во однос на сметководствената ќе изнесува 12.346 илјади денари, а препораката ќе биде соодветно прилагодена.

7. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.3. алинеја 1** која се однесува на необезбедени имотни листи за објекти со кои располага Агенцијата, а за кои се води постапка за утврдување на правен статус **не се прифаќа**, од причина што не се доставени нови докази, а образложението за преземени мерки и активности за утврдување на правниот статус на објектите. ги потврдува заклучоците кои се наведени во наодот од оваа точка.

8. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.3. алинеја 2** која се однесува на не запишано право на користење од страна на Агенцијата на градежните објекти во пет имотни листи **се прифаќа,** поради дополнително доставен имотен лист со запишано право на користење на градежниот објект Центар за вработување Тетово, што соодветно ќе биде обелоденето во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор и ќе се изврши исправка во Прилог број 2 .

9. Забелешките на констатираните состојби на **точката 4.4.1. булет 1** која се однесува на преземени обврски без спроведени постапки за јавни набавки за електрична енергија и поштенски услуги **делумно се прифаќа,** поради дополнително доставено известувањето од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на РСМ, според кое Агенцијата има обврска да излезе на слободниот пазар и да спроведе јавна набавка заклучно со 31.03.2020 година, но имајќи го во предвид член 69 од Законот за енергетика со либерализација на пазарот за електрична енергија Агенцијата ги исполнила условите самостојно да земе учество на пазарот и претходно согласно член 23 од ЗЈН со цел постигнување на пониска цена за набавка на истата. Забелешката за поштенски услуги за кои давателот на универзалната услуга има ексклузивно право да обезбедува писмоносни услуги до 50 грама согласно член 92 од Законот за поштенски услуги рокот на ексклузивитет е продолжен до 31.12.2021 година, но останува обврската да се спроведе постапка за јавна набавка за писмо носни услуги во внатрешниот сообраќај над 50 грама, што ќе биде обелоденето во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор, а препораката соодветно прилагодена.

10. Забелешката на констатираните состојби на **точката 4.4.1. булет 1** која се однесува на преземени обврски без спроведени постапки за јавни набавки во Центрите за вработување во износ од 2.104 илјади денари **не се прифаќа,** поради тоа што доставената забелешка е во насока на објаснување за начинот на вршење на набавки од страна на 30 центри за вработување на целата

територијата на РСМ од различни економски оператори и причини за не спроведени постапки за јавна набавка на централно ниво, кое образложение овластениот државен ревизор го имаше во предвид во текот на ревизијата, а по однос на барањето обврските да бидат прикажани по видови на стоки и услуги, истите ќе бидат соодветно презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор, а препораката прилагодена.

11. Забелешката на констатираната состојба **во точката 4.4.1. булет 2** која се однесува на склучен договор за јавна набавка на работи за модернизација, санација и адаптација на Центар за вработување Куманово, кој не е во согласност со утврдените услови во тендерската документација, како и слабости при следење на реализацијата на договорот **не се прифаќа,** со оглед на тоа што со забелешката е образложен начинот на спроведување на постапката, без да се наведат причините за вметнување на одредба во договорот изведувањето на работите да започне по добивање на согласност од општината, одредба која не била предвидена во тендерската документација во делот на начин и динамика на извршување на договорот, а ревизијата укажува дека согласноста за градење од општината требало да се обезбеди пред склучување на договорот за јавна набавка на работи, што влијаело на ненавремена реализација на склучениот договор и рационалното и ефикасно искористување на средствата.

12. Забелешката на констатираната состојба во **точката 6.2.** изнесена во делот за Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет **е образложение** за кое Овластениот државен ревизор го истакнува прашањето кое се однесува на непочитување на законската обврска од Буџетот на РСМ да се уплатуваат парични средства на сметката на Посебен фонд, по основ на уплатен ДДВ и царини од страна на заштитните друштва .

13. Забелешката на констатираната состојба во **точката 6.3.** изнесена во делот за Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет **е образложение** за кое Овластениот државен ревизор го истакнува прашањето на доделувањето на неповратни средства од сметката на Посебниот фонд согласно мерката Поддршка за вработување на лица со попреченост и не преземени активности за усогласување на работата на Комисија за определување на работи кои може да го извршува инвалидното лице при МТСП со одредбите од Правилникот за состав на Комисијата и начинот на донесување на Наод и мислење за определување на работи кои може да ги извршува инвалидното лице на соодветно работно место.

---

*Ревизорски тим:*
*1.*____________________
*2.*____________________
*3.*____________________

*Овластен државен ревизор*
____________________

Забелешка од претходен директор на  Агенцијата

14. Забелешките на констатираните состојби на **точката 4.4.1. булет 1** која се однесува на преземени обврски без спроведени постапки за јавни набавки за електрична енергија и поштенски услуги **делумно се прифаќа,** поради дополнително доставено известувањето од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на РСМ, според кое Агенцијата има обврска да излезе на слободниот пазар и да спроведе јавна набавка заклучно со 31.03.2020 година, но имајќи во предвид член 69 од Законот за енергетика со либерализација на пазарот за електрична енергија Агенцијата ги исполнила условите самостојно да учество на пазарот и за спроведување на постапка за јавна набавка согласно член 23 од ЗЈН со цел постигнување на пониска цена за набавка на истата. Забелешката за поштенски услуги за кои давателот на универзалната услуга има ексклузивно право да обезбедува писмо носни услуги до 50 грама согласно член 92 од Законот за поштенски услуги рокот на ексклузивитет е продолжен до 31.12.2021 година, но останува обврската да се спроведе постапка за јавна набавка за писмо носни услуги во внатрешниот сообраќај над 50 грама, што ќе биде обелоденето во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор, а препораката соодветно прилагодена.

15. Забелешката на констатираните состојби на **точката 4.4.1. булет 1** која се однесува на преземени обврски без спроведени постапки за јавни набавки во Центрите за вработување во износ од 2.104 илјади денари **не се прифаќа,** поради тоа што  доставената забелешка е во насока на објаснување за начинот на вршење на набавки од страна на 30 центри за вработување на целата територијата на РСМ од различни економски оператори и причини за не спроведени постапки за јавна набавка на централно ниво, кое образложение овластениот државен ревизор го имаше во предвид во текот на ревизијата, а по однос на барањето обврските да бидат прикажани по видови на стоки и услуги, истите ќе бидат соодветно презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор, а препораката прилагодена.